СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 август 1991 година

Скопје, 22 август 1991 година

21- ВА СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 22.VII. 1991 ГОД.

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР. БР. 12

| ДИСКУТАНТИ: | СТР. |
|---|---|
| СТОЈАН АНДОВ | 1,21,44 ( ЕКСПОЗЕ- НАЦРТ УСТАВ) |
| ТОДОР ПЕТРОВ | 1,36,67 |
| ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | 5 |
| НИКОЛА КЉУСЕВ | 6, 23, 31 |
| РИСТО ДАМЈАНОВСКИ | 7, 24 |
| КИРО ГЛИГОРОВ | 13 |
| ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 35 |
| ЈОРДАН БОШКОВ | 38 |
| НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | 41 |
| СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | 53 |
| МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 53 |
| ЏЕЛАДИН МУРАТИ | 54 |
| НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 61 |
| ТУШЕ ГОШЕВ | 61 |
| ЉУБОСАВ ИВАНОВ | 63 |
| АГИМ ФАЗЛИУ | 65 |
| ФАИК АБДИ | 69 |

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 август 1991 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Да почнеме со работа.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Душко Ѓорѓевски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

За денешната седница поканети се и присуствуваат: Претседателот на Републиката, Киро Глигоров, членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија, д-р Васил Тупурковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пред да одиме на утврдување на дневниот ред, го молам господинот Петров да прочита еден текст.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ја користам приликата на почетокот на Дваесет и првата седница да ја изнесам заедничката желба и определба на целиот Парламент и граѓаните на Република Македонија, од името на македонскиот народ и сите граѓани на самостојна и суверена држава Македонија, Парламентот да ја поздрави победата на демократијата и народот на Советскиот Сојуз и Русија кој покажаа дека не може да ги скрши ниту една армија ниту една болна амбиција на војниците, ни генерали.

Да го поздравиме враќањето на претседателот на Советскиот Сојуз Михаил Горбачов, на своите редовни државнички функции после неуспешниот изведен десничарски воен удар и поразот и победата над конзервативно воените врвови и сили.

Убедени сме дека тоа ќе има многу умствено влијание во светски рамки и ќе придонесе да спласнат тензиите на одредени конзервативни и милитантни сили и кругови, демократијата да добие нов поттик ,мирот и детантот да добијат шанса за решавање на југословенската криза по мирен и демократски начин што е определба на сите нас во Македонија, да престанат безумијата и крвавата и бес-смислена војна во земјата, нашите војници среќни, живи и здрави да се вратат во нивната младост кај своите родители и татковината, а граѓаните на Република Македонија  масовно а сега веруваме и уште поединствено на Референдумот закажан за 8 септември 1991 година непречено уште еднаш едногласно да го дадат својот глас за самостојна и суверена држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија, зошто гласот на самостојност е глас на мирот, на нашата судбина и иднина. ( Бурен аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам овој текст како изјава на Собранието да се усвои.

Дали се прифаќа? (Бурен аплауз)

Денес ни се поделени барањата од родителите на децата кои се наоѓаат во редовите на Југословенската народна армија.

Исто така, ви се поделени и барањата на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, во врска со незакнитото продолжување на воениот рок и преиспитувањето на довербата на министерот за народна одбрана, кој Предлогот на пратеникот Тодор Петров за дополнување на денвниот ред за оваа седница со точка - Разгледување

на прашањата поврзани со мобилизацијата, регрутирањето на војниците од Македонија, натамошното служење на воениот рок на наши војници во единиците во краишта со воени дејствија во Југославија и односот на Република Македонија со ЈНА и Предлогот на заклучоците за актуелнот политичко безбедносна состојба во земјата и Републиката по прашањата поврзани со мобилизацијата, регрутирањето на војниците од Македонија, натамошното служење на воениот рок на наши војници во единиците во краиштата со воени дејствија во Југославија и односот на Република Македонија со ЈНА поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Предлагам сите овие барања и предлози да бидат уврстени во посебна точка која би гласела: Барање на родителите на војниците кои се наоѓаат во редовите на Југословенската народна армија.

Молам, кој е за овој предлог да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Дозволете ми да ве известам дека Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на 20 август 1991 година поднесе Барање, Предлогот за донесување на Закон за неприменување на Законот за изменување и дополнување на Законот за воена обврска со Предлог на закон да биде разгледан и усвоен по итна постапка на 21-та седница на Собранието на Република Македонија.

Исто така, и пратеникот Тодор Петров, поднесе предлози за донесување по итна постапка на закон за неприменување на Законот за изменување и дополнување на Законот за воената обврска.

Овие предлози благовремено се доставени до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 21 август 1991 година, утврди и на Собранието му предлага по итна постапка да се

донесе закон за неприменување на Законот за измени и дополнувања на Законот за воената обврска.

Овој закон беше во постапка.

Го молам претставникот на Законодавно-правната комисија да го запознае Собранието од расправата во оваа комисија.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Постапивме по налогот што ни го предлага законот. Законодавно-правната комисија имаше два проекта. Едниот беше на Владата а другиот беше на пратеникот Тодор Петров. Меѓутоа, како застапник на Владата беше определен министерот Ристо Дамјановски да го застапува Законот кој од свое име изјави дека го повлекува, наведувајќи одредени причини кои ќе ви бидат поделени во извештајот за работа на Комисијата и дека тоа го чини од свое име, не од име на Владата.

Во понатамошниот тек Комисијата не можеше да обезбеди присуство на Владата за расправа по овој проект. Во исто време дојде и проектот на господин Тодор Петров. Меѓутоа за овој проект требаше да се произнесе Владата. Ние немаме нејзин претставник за првиот закон а и за овој и затоа Комисијата не можеше да го разгледува ни едниот ни другиот. Само по потреба најдовме дека треба да се води постапка, меѓутоа, за одлуката дали ќе оди по скратена или редовна постапка, што е и во надлежност на Собрание, Собранието ќе треба да одлучи. Мене како претседател на Комисијата ми беше многу непријатно еден министер на Влада да го напаѓа проектот кој ни го Владата претставува.Затоа Собранието нека одлучи дали ќе водиме постапка како бил предлогот или ќе се оди во редовна постапка. Собранието е тоа кое донесува конечна одлука и ние како Комисија не можевме да

заземеме став. Што е на матичното тело за ова работа преземено, не сум известен, сигурно ќе има и од таму известител и ќе можеме да добиеме точно известување што е работата. Затоа, сега Собранието ќе треба да одлучи за овој предлог дали ќе оди или ќе ја задолжи Комисијата повторно да го разгледува или ќе остане на одлуката без разгледување.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Врз основа на сознанијата од Законодавно-правната комисија каде што ни беше кажано дека претставникот на Владата односно министерот за народна одбрана го повлекол предлогот за донесување на закон за неприменување

на Законот за измени и дополнувања на Законот за воената обврска со Предлог на закон, Комисијата констатира од истите причини и не го разгледуваше затоа што сметаше тој закон како повлечен.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Почитувани пратеници, предложениот закон за неприменување на Законот за измени и дополнувања на Законот за воената обврска од страна на Владата на Република Македонија, до Собранието на Македонија по итна постапка да биде разгледано дојде пред Законодавно-правната комисија и во таа Комисија се случија некои појави за кои мора да биде запознаено Собранието. Имено, претставникот на Владата министерот за народна одбрана покажа дистанцирање од Одлуката на Владата и дал свој предлог да се повлече Законот. Таквото дистанцирање од ставовите и одлуката на Владата е во очигледно судирање со владиниот предлог и во таа смисла би сакал да го запознаам Собранието дека оценките,видувањата и настапите на министерот за за народна одбрана во Комисијата и во другите настапи во последно време се надвор од гледањата и ставовите на Владата и неговото понатамошно останување во Владата е неодрживо.

Користејќи го своето мандатно право, го разрешувам од министер за народна одбрана на Република Македонија.

Дозволете, во тој период додека се предложи министер за народна одбрана, таа должност да ја извршува претседателот на Комисијата за безбедност, народна одбрана и меѓународни односи, потпретседателот на Владата д-р Блаже Ристевски. (Аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ние тоа после ќе го имаме како точка на дневен ред. Сега е расправата што да уврстиме во дневен ред.

Што е работата со Законот.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Предложениот закон се враќа на Владата, заедно и со Предлогот на пратеникот Тодор Петров. Владата не се откажува од Законот. Таа ќе ги процени сите состојби и на наредната седница ќе добиете официјален предлог.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи по овој закон ние сега не водиме расправа и тој сега не се уврстува во денешната седница.

РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:

Во текот на вчерашниот ден бев ангажиран на недложни активности надвор од Министерството за народна одбрана, со што бев спречен да присуствувам на седницата на Владата и на Собранието.

Дозволете ми како член на Владата и Министер за народна одбрана, а во врска со измената на Законот за воена обврска да изнесам мое лично гледање.

Во овие услови и во ова време, донесувањето на еден ваков закон значи директен удар на Југословенската народна армија и понатамошна дестабилизација на Југославија. Јас за ова прашање зборував на претходната седница на овој Парламент, а уште поконкретно зборуваа претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ и мислам дека за 10 дена не можеа да се создадат такви услови овој закон по итна постапка да дојде на Владата и да се донесува.

Во моето размислување тргнував од следново: Морам да ги изнесам постапките кои ме наведоа на оваа одлука.

Прво, воената евиденција во сите земји е во надлежност на воено територијалните органи.

Второ, Југословенската народна армија се пополнува на екс-територијален принцип.

Трето, не ми се познати причините за одвојување на овој закон од пакетот и донесување по брза постапка.

Четврто, со ова ги усложнуваме преговорите за идната Југославија.

Петто, Република Македонија ја туркаме во уште поголема неизвесност и заострување на односите меѓу ЈНА и Македонија.

Шесто, со овој закон не се обезбедува мирот и безбедноста во земјата и Југославија.

Седмо, во Југославија постои Устав и овој закон ќе дојде под удар и преиспитување, бидејќи вооружените сили уште јас ги сметам за југословенски и единствени.

Осмо, на вчерашниот состанок со претставниците на Југословенската народна армија се договоривме да направиме уште еден напор и конечно решение беше донесено да се направи дупликат од евиденцијата, делот за вооружените сили и вкупната евиденција да остане повторно во Министерството и нашите подрачни единици, а другиот да биде даден на употреба на воено територијалните органи, но со целокупен наш увид. Значи,комплетно ќе имавме евиденција на човечкиот фактор на добитокот и на материјално-техничките

средства. Затоа апелирам за поголем политички слух, за подобро разбирање на времето во кое живееме и нека овој закон се донесе по конечниот договор за идната Југославија, како онака се договаравме, мирно, на претходната седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор во врска со ова прашање?
(Никој).

Ако никој не бара збор,ние сега во врска со овој случај треба да постапиме по Законот. Еве ставен ви е на располагање Законот, тоа е Законот за органите на управата во кој стои дека ние сега ова можеме да го прифатиме на господинот претседател на Владата како предлог за утврдување на одговорност на функционер кој раководи со органот за народна одбрана и да ја задолжиме Комисијата за прашања на изборите и именувањата во согласност со член 148 став 3, на идната седница на Собранието да предложи одлука каква ќе утврди дека треба да се донесе за одговорноста. Така пишува во Законот.

Молам, Законодавно-правната комисија нека погледне нека види што можеме да направиме.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Не, тоа е Законот за функционери а не министри.

СТОЈАН АНДОВ:

Што раководи со Министерство.

Молам, ние сега да продолжиме со работа, а експертите правни и Законодавно-правната комисија ќе ни кажат како да постапиме.

Констатирам дека овој предлог Владата го повлече сега и го пушта во постапка како Предлог на законот и не можеме да го утврдиме денес во дневиот ред.

ДИМИТАР ДИМИТРОВ:

Седница да одржи Владата, Не може така.

СТОЈАН АНДОВ:

Господо, апсолутно не ме интересира како вие доаѓате до одлуки. Мене, претседателот на Владата ми е компетентен претставник овде, а министерот кој се буни тоа може да го прави само на седница на Владата, а не на Собранието. Без да добие збор нема право овде да дофрла од место.

Ги опоменувам и понатаму министрите да се држат до деловникот и своите права што ги имаат овде како присутни.

Ве известувам дека Комисијата за општествено-политички систем утврди и на Собранието му достави предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републички референдум со Предлог на закон.

Овие измени и дополнувања на Законот се заради успешно спроведување на распишаниот референдум што ќе се одржи на 8 септември 1991 година.

Според тоа предлагам дневниот ред да го дополниме со: Предлогот за донесуваше на закон за изменување и дополнување на Законот за републичии референдум со Предлог на закон.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласувате).

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

дневен ред:

1. Утврдување на Нацртот на Уставот на Република Македонија,

2. Барање од родителите на војниците кои се наоѓаат во редовите на Југословенската народна армија

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републички референдум со Предлог на закон,

СТОЈАН АНДОВ: (продолжение)

Притоа, предлагам прво, да расправаме по втората точка за барањата од родителите на децата коисе наоѓаат во редовите на ЈНА, како би имале повеќе време да ги изградиме и ставовите бидејќи и утре се држи една важна седница на Претседателството на СФРЈ која ке има предмет и овие барања, т.е. ги зафаќа, а потоа да одиме на првата точка т.е. на утврдување на Нацрт на Устав на Република Македонија.

Молам, кој е за рпедложениот дневен ред да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

ХАЛИЛИ МУХАМЕД:

Јас би сакал да добијам одговор дали Собранието утре ќе заседава?

СТОЈАН АНДОВ:

Ние денес треба да го исцрпиме овој дневен ред, а ако утре заседаваме треба да се вратиме на 20-та седница. А таа 20-та седница сигурно за точките кои вие сте заинтересирани точката 24 и 25 кои инаку беа одложени, можат да се вратат повторно, но тоа е таа седница, а оваа е 21-ва седница.

ХАЛИЛИ МУХАМЕД:

Јас барав конкретен одговор дали утре ке имаме седница, или задутре?

СТОЈАН АНДОВ:

Предлог на Претседателството е утре да се заврши 20-та седница. Меѓутоа тоа нема врска со 21-та седница, вие тоа го знаете. Јас мислев тоа да го соопштам на крајот на седницата.

Редоследот на дневниот ред го утврдивме.

Дали се прифаќа редоследот на дневниот ред?

Кој е за, да крене рака? (пратениците креваат рака)

Кој е против? (еден)

Дали некој се воздржува ? (3 гласа)

Според тоа, работиме по следниот дневен ред.

Точка 1- Утврдување на Нацртот на Уставот на Република Македонија,

Точка 2- Барање од родителите на војниците кои се наоѓаат во редовите на ЈНА,

Точка 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републички референдум, со Предлог на закон.

Со тоа што  прво ќе расправаме прво за втората точка, па ќе расправаме за првата точка и потоа за третата точка.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред и редоследот на расправата.

Пред да минеме по точките од дневниот ред, ве известувам дека по завршувањето на оваа седница Собранието ќе продолжи со работа по точктие од утврдениот дневен ред за 20-тата седница на Собранието.

Минуваме на точката 2 - Барање од родителите на војниците кои се наоѓаат во редовите на ЈНА.

Отворам претрес?
Кој бара збор.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Почитуван претседателе, и Претседателство, уважени пратеници, дозволете ми во врска со ова чувствително прашање да кажам неколку збора бидејки мислам дека во врска со ова мораме да бидеме и јасни.определени и конструктивни во исто време.

Но, пред тоа да констатирам, дека соработката помеѓу органите на Република Македонија и Сојузниот секретаријат за Народна одбрана на Југославија со армискиот врв и Третата воена област  беа досега примерни. Се обидувавме и настојувавме со контакти, разговори  да ги решаваме проблемите кои се  нужно јавуват и кои бараат соработка меѓу државните и воените  органи. Но се разбира како се заоструваше ситуацијата во Југославија настануваа и се потешки проблеми. Ние и

во таа усложнета ситуација продолживме да ги решаваме тие прашања да наоѓаме меѓусебно разбирање во контакти во разјаснување на положбата, специфичностите
во Македонија итн. Се разбира настанатите како што беа најнапред како што добро го почувствувавме ни загина Сашко Гешоски, потоа загинаа и други, беа ранети некои итн. наши војници, нужно беше да се очекува разбранување на јавното мислење, на народот, особено пак родителите на децата што беа на отслужување на воениот рок , или воениот рок требаше да го започнат. И во таква ситуација настојувавме со се што можевме да не доаѓа и да не се користи конфронтација, туку да продолжиме со разговори со цел да бараме решења кои една таква ситуација ги бара. Особено  проблемите се зголемија и дојде и до нарасната загриженост со разгорување на судирите во Хрватска ,пред тоа во Словенија, секојдневните човечки жртви и непрекинувањето на оганот без оглед јас би рекол

на сите одлуки на врвните органи на Федерацијата, на Брионскиот договор на апелите од Европа и Светот и мировните акции ширум Југославија.

До таквите бранувања објективао би рекол, мораше и да дојде, затоа што армијата која е спремана и мотивирана за одбрана на надворешните граници и од надворешни агресори или други некои опасности од надвор се вклучи во внатрешните судири кои добија . карактер на етнички судири и меѓурепублички конфронтации, Потоа и повлекувањето од Словенија си имаше свои реперкусии. На пример ова што денес многу не интересира е тоа како ќе се обавува военатa обврската на воените обврзници од Македонија? Како што слушнавме од соопштението на Сојузниот секретаријат за народна одбрана, таа општа законска обврска за секој граѓанин во Југославија веќе не важи за Словенија.

Од Словенија веќе не се бараат регрути, што значи еден закон кој никој не го промени, бидејќи Сојузниот секретаријат не може да го промени, Претседателството на СФРЈ не може да го промени, Законот може да го промени само Сојузното собрание, одеднаш селективно се применува и од една страна без законска основа се дозволува да нема регрутирање на нови обврзници од Словенија, а од друга страна се укажува на сите законски последици доколку тие обврски не се почитуваат од страна на другите републики.

До такви бранувања објективно мораше да дојде како што реков бидејќи Армијата се вклучи во тие внатрешни судири, а по повлекувањето пак од Словенија почна Законот да се применува и воопшто ЈНА веќе остана без еден дел од учесници од еден од народите на Југославија. Во сите тие ситуации ние го задржавме ставот на споразумно решавање и барање разбирање за нашата положба, но и наше разбирање исто така за положбата и на армијата и на другите.

Држејќи се до тоа, заклучоците на Советот за народна одбрана кои ги донесовме на 9 јули, со кои сте запознаени и кои се основа за нашето однесување и во тие разговори и во настојувањата да се решаваат тие проблеми и на договорен и мирен начин. Тргнувајќи од нив ние настојувавме еден по еден од прашањата кои се јавуваа, да ги разрешуваме. Може да се каже дека и во тие и такви услови тие наши обиди беа успешни и заради тоа Парламентот не се одлучи за некое брзо и недоволно изучено донесување на Закон за народна одбрана. Тоа не е овој закон кој денеска требаше да биде на дневен ред ,туку со многу пошироки претензии.

Така на пример, прво се залагавме и се договоривме да не може да остане таа нерамноправна положба во составот на народната одбрана на Југославија, да од Македонија негде 9 - 10 до 12% како кога војници служеа на својата територија, односно во својата Република. Додека просекот и по Законот и во

праксата беше 20 па некаде и преку 20, на Словенија и беше дозволено и 40% И тоа го решивме на тој начин што јулскиот контингент од војниците кои требаше да отидат од Македонија, останаа во Македонија да служат војска овде. Со тоа мислам дека се симна еден од тие проблеми кои постоеја на кои со право се

укажуваше во нашата јавност.

Се договоривме и околу евиденцијата. Според Законот што беше донесен набрзина, морам да кажам, не знам какво беше учеството на нашите пратеници во Сојузното собрание, требаше целата евиденција да се одземе од републичките и општинските органи и да се создадат одделни органи на Армијата и со тоа не само да се земе евиденцијата, туку да се преструктуира и составот на тој орган. Некои ќе останеа без работа, други ке беа земени од друга страна да се вработат итн. со што би се создале и проблеми на егзистенција на еден определен број луѓе. Се договоривме дека евиденцијата од Македонија не треба да се одзема до крајот на годината, дури течат сите овие разговори и преговори околу иднината на Југославија. Тоа беше еден разумен и реален договор бидејќи и досега армијата немала проблеми околу користењето на таа евиденција и околу однесувањето на нашите органи врз основа на обврските кои произлегуваат за служење во ЈНА. Се договаравме и околу мобилизирањето на резервниот состав и имавме повремено разбирање околу тоа пред време или на определени подрачја да не се врши таква мобилизација итн. или определено време да не се врши, да се има разбирање на пример сега во туристичката сезона беше случај во Охрид 2000 луѓе треба веднаш да се земат од резервниот состав, а тоа практично би значело , треба да ги затвориме сите хотели во екот на туристичката сезона итн. И се договоривме сите тие лица да се изземат од повикот итн. Со овие примери само сакам да ви потврдам, а ги има повеќе, дека по тој пат ги решававме проблемите кои настануваа во оваа вжештена ситуација, па најпосле успешно го решивме и проблемот за враќање на нашите војници од Словенија и за нивното дослужување на преостанатиот воен рок во Македонија. И со сите тие сите наши обиди, мислам дека се смири ситуацијата во Македонија и сметавме дека можеме до крајот на преговорите кои течат за иднината на Југославија да немаме некои поголеми проблеми на тој план. Потоа, дојде моето писмо до сојузниот секретар за народна одбрана Вељко Кадиевиќ, тоа ви е познато, но јас сакам само денеска заради тоа да имаме целина на расправата и во целост да видите кои се моите видувања. Сметав дека новите настани особено тоа разгорување на воената состојба во Хрватска бара да преземеме некои дополнителни чекори за заштита на нашите војници и за уточнувањето на нашата позиција во оваа сфера. Така на пример сметавме дека е неопходно сите оние војници кои се дојдени од воените пошти од Словенија и Хрватска да го дослужат својот воен рок во Македонија од причини што дел од војниците повторно се барало да се вратат во истите единици
што создаде голем револт кај родителите и пошироката јавности можеше да ги влоши односите и расположението спрема ЈНА. Мислам е едно сосема разбирливо, оправдано барање кое не гледам зошто не може да биде исполнето.

КИРО ГЛИГОРОВ: (Продолжение).

Второ, војниците кои останаа во Словенија да им се овозможи користење на отсуство и да се стават во иста положба како војниците што се вратија во Републиката. Гледам една голема нелогичност, од гледна точка дури гледано од страна на армијата, оние војници кои беа заробени, а кои често пати од

војската се третираат како дезертери, тие добија отсуство, дојдоа, се одморија и останаа да дослужат војниот рок во Македонија. Оние што останаа таму, што се бореле, не можат да добијат отсуство. Родителите со право укажуваа на таа логичност и да не може да се има двоен аршин за таа работа.

Јас можам да разберам дека армијата со то за еден определен период 15 или 20 дена

ќе има помалку војници во своите единици, но тоа е нешто што ситуацијата го налага и што не може тоа да се објасни на родителите зошто тоа не се уважува.

Трето, сите војници на кои им истекува воениот рок, еве пред да дојде до овие бранувања, пред да знаеме какви сега ќе бидат реакциите, ние навреме побаравме да се разбереме околу тоа сите војници на кои им истекува воениот рок да се отпуштат од ЈНА веднаш по истекот без продолжување. При ова, да им се овозможи ко-ристење на сите видови отсуства кои им следуваат или ги добиле.

Приговорот на ова е дека војската ќе остане без определен број на војници, а новите регрути уште во меѓувреме нема да дојдат итн. Мислам дека тоа за таа работа војската треба на време да води сметка. Јас разбирам и тоа дека, заради тоа што од Словенија веќе нема нови регрути, кај сите други републики, сега треба да се зголемат обврските во давањето по бројот на оние што би требало да ги заменат тие што недостасуваат итн. но од друга страна мора да се разбере во оваа ситуација кога секој ден паѓаат глави и тоа се повеќе жртви има од ден на ден, мора да се разбере дека ако некој војник чесно си го отслужил полниот воен рок дека треба да се почитува тоа и да се вратат тие војници дома.

Последно, неоткажувајќи нашите млади луѓе на кои им иде времето за отслужување на воениот рок да не одат во војска, баравме да не се повлекуваат војниците од Република Македонија, поточно да не се упатуваат во кризните подрачја на Југославија. Мислам дека со оглед на вкупната позиција што Македонија до сега ја имаше, никогаш таа не била било каква причина за такви настани во Југославија, нема никакво оправдување, ниту ние можеме да објасниме тоа на родителите во овие моменти тие наши млади луѓе да се упатуваат во кризните подрачја. Тоа е се што сметав дека треба со едно писмо, нормално како одговорен човек во оваа Република, на најодговорниот човек на армијата да му укажам на овие работи и да побарам пак како до сега да разговараме да бараме солуции итн. Наместо тоа, вие знаете каков одговор добив и со тоа, се разбира, прекина таа да кажам апсолутно добра волја од наша страна што за сите работи да се договараме, заеднички да ги разгледуваме и да бараме заеднички решенија.

На вчерашната седница на Претседателството на СФРЈ, член на Претседателството од нашата Република, Васил Тупурковски и јас ги изнесовме овие работи и баравме за нив да се произнесе Претседателството, но во функција на врховна команда. Таа седница е закажана за утре. Ги изнесовме главните

аргументи и побаравме за тие работи да се расправа, иако таму беше соопштено дека ова барање уште пред две или повеќе недели, тоа г-дин. Тупурковски ќе може подобро да го објасни, тоа барање веќе од страна на Васил Тупурковски е поставено на седница на Претседателството. Но, во ред, сега се договорив таа седница да биде утре и ќе видиме каков ќе биде резултатот на таа седница.

Сега би сакал да кажам уште неколку збора за нашето вкупно однесување. Како што ви е многу добро познато, како и на целиот народ во Македонија, ние не сакаме било какви конфронтации со било какви, а најмалку со армијата. Немаме и не сме создавале никакви паравојни формации, никакви гарди, никакви други чети вооружени и други што можат да се сретнат во другите некои републики, па ниту сме донеле закон за доброволци, како што беше неодамна донесен итн. Со ништо , како што реков, не придонесуваме за било какви внатрешни судири, ниту за предизвикување на било какви акции кои ќе треба да значат насилие,

наметнување на туѓа волја. Но од друга страна бараме разбирање и полно почитување на интересите на оваа република, на овој народ кој е за мир, за сожителство, за договор, за решавање на југословенската криза. Тие обиди до крај ги користевме и овие 2 дена, соопштенијата ви се познати, се залагавме за таков курс, за такви договори и некој чекор во тој поглед се направи.

Во исто време имаме полно разбирање и ги поддржуваме сите разумни барања, особено оние на родителите. Дали можеме да се оглушиме од тие барања. Тоа се и многу разбирливи човечки и во оваа ситуација кога тие деца треба да одат на еден терен каде што се работи за етнички судири, за братоубиствени војни итн. Тоа не може да биде подредено на некои други гледања и интереси. Мора за тоа да се води и тоа многу смело сметка. Ако тој народ не ги поддржува сите тие настојувања на нашата Влада, на нашиот Парламент, тогаш кој ќе ја поддржува оваа политика ако ние немаме разбирање за тие нивни барања, тогаш како можеме да очекуваме поддршка и на тие и на овие напори, но и напорите на сите други планови што се прават во оваа Република.

Ако носиме, а носите сигурно одговорност и никој не може да не ослободи од таа одговорност, тогаш ние мораме да бидеме и толкувачи и борци на оние барања кои потекнуваат од ова поднебје, од интересите на овој народ. Во вакво време длабоко сум убеден државните и воените власти мораат да соработуваат и да се договараат и од позиција на сила ништо не може да се реши. Тоа е една од најбитните работи за мирна разврска на југословенската криза. Затоа

и сега, известувајќи ве за сево ова пледирам и понатаму мирно и спокојно разгледување на сите проблеми настанати од оваа тешка и сложена ситуација.

Во тој ред поседувањето на евиденцијата на воените обврзници од републичките и општинските органи не била до сега пречка нормално да се обавуваат обврските кон ЈНА се надевам дека ќе бидеме и кооперативни, разумни и во иднина да го сочуваме мирот во Македонија и да останеме конструктивен чинител и во Југославија и надвор од неа.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

(Никој)

Ако никој друг не бара збор, тогаш предлагам да донесеме неколку заклучоци:

1. Собранието ги прифаќа барањата изложени на Собирот на родителите што имаат војници во ЈНА сега содржани во текстот доставен до Собранието, до претседателот на Републиката, и членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија и министерот за народна одбрана господинот Ристо Дамјановски. Тоа е текстот од 6 точки.

2. Се задолжува Владата на Република Македонија да поднесе информација за спроведуваше на заклучоците на Собранието на Република Македонија и по информацијата за политичко безбедносната состојба во републиката

и во земјата што ги донесе на 9 и 10 мај а што се однесуваат на прашањата од областа на народната обрана.

3. Се задолжува Владата на Република Македонија да преземе мерки за враќање на војниците од ЈНА на кои им истекол воениот рок. Во врска со ова членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија да се ангажира во Претседателството на СФРЈ за навремено враќаше на војниците од ЈНА.

4. За разрешување на прашањата покренати од родителите и заклучоците на Собранието да земе активно учество и Советот за народна одбрана.

5. Овие заклучоци да се достават до Владата на Република Македонија,

до Советот за народна одбрана и членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија.

Значи, ги усвојуваме сите 6 точки од барањата на родителите и овие овде 4 точки кои даваат тек како да се постапи во врска со тие заклучоци.

Молам, кој е за, да крене рака. (Пратениците креваат рака) .

Дали некој е против? (Не)

Дали некој се воздржува? (Не).

Констатирам дека овој текст на заклучоците е увоен.

Молам, бидејќи сега го погледавме, доста изненадно дојде излагањето на претседателот на Владата, добро го погледавме законот меѓувреме и овде ми ставија до знаење и сега значи претседателот на Владата, колку што го разбрав, а читајќи ги сега членовите овде предлага на оваа седница сега разрешување. Дали г-дин Кљусев го потврдува ова? (На оваа седница):

Молам, во согласност со член 144, 146 и 148 од Законот за органите на управата предлагам излагањето на г-дин Кљусев претседател на Владата овде да се земе како образложен предлог за оваа измена на Владата, Комисијата за избори и именувања да закаже седница и да предложи текст на одлуката овде. Мене така ми е укажано. Молам, дајте да видиме постапката врз основа на кој закон тоа го предлагате. Работата е само во тоа да ми кажете врз основа на кој закон ова го предлагате. Тука нема забуна, што ќе кажете, така ќе се договориме.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Во член 138 се зборува: "министерот или фунцкионерот кој раководи со органот на управата", понатаму се вели "за одговорноста на функционерот", не на министерот, тоа тука не го решава министерот. Тоа е исклучиво мандатно право на мандаторот да предложи кого ќе разреши и кој ќе предложи пред Собранието. Јасно стои одговорност на функционерот и неговиот заменик. Никаде не стои министерот.

Горе кога говори  за обврските стои "министерот или функционерот". Станува збор за функционери кои ги поставува Собранието и може Комисијата за именување за нив да се искажува. Не може Комисијата за именување да се искажува за министри. Тоа е право на мандаторот, на Владата. И во тоа е суштината на мандаторот. Молам, предлогот за разрешување ви се доставува до знаење и за него не се гласа. Се гласа само за именување.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, сега ова не треба вака да го расправаме, туку ќе дадеме пауза, многу е важно прашање, и молам Законодавно-правната комисија и Комисијата за избори и именувања да ни даде мислење за ова во секој случај. Ова стручњаците да го разгледаат заедно, да не направиме нешто незаконито. Претставникот на Владата да го има во работните тела. Молам, тоа мора да биде по закон

(Пауза од 30 минути).

(Седницата продолжи во 16,оо часот)

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Од образложението на претседателот на Владата во врска со нивниот предлог на дневен ред да биде ставен Законот за измена на законот за воена обврска произлезе дека господинот претседател на Владата предлага на денешната седница да се разреши од функцијата министер за народна одбрана господинот д-р Ристо Дамјановски.

За време на паузата е проучена постапката која треба да се примени и бидејќи претседателот на Владата во своето образложение предложи на денешнава седница тоа да се направи, откако се утврди каква е постапката и дека тоа е можно, сега предлагам да утврдиме посебна точка на дневен ред, бидејќи тоа претседателот
на Владата го бара и има право.

- Одлука за разрешување на министерот за народна одбрана господинот д-р Ристо Дамјановски

Дали се прифаќа тој предлог за дополнување нас дневниот ред? (Се прифаќа)

Во врска со оваа точка ви е доставен сега за време на паузата писмен предлог до Собранието на Република Македонија со потпис на претседателот на Владата д-р Никола Кљусев, а исто така и мислењето на ЗПК на Собранието на Република Македонија. Двата акти се веќе поделени. Тие се кратки и верувам дека сте ги прочитале.

Отворам расправа.

Дали некој бара збор?

РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:

И кога е тешко, мора човек да биде јунак и да каже она што мисли.

Почитуван претседателе, почитувано претседателство, почитуван прењтседател и почитуван мој претседател на Владата, го замолувам претседателот на Владата да објасни кои се причините за моето отповикување, дали е прво неизвршување на обврските врзани за работата на Министерството за народна одбрана, второ, дали незаконито работење или пак се замерките на некои мои лични искажувања. Со еден збор да ја изнесе фактичката состојба за мојата работа и подобност како би можеле вие почитувани пратеници на основа на вашата совест да одлучите и да бидете во право.

Јас за прв пат му се спротивставив на мојот почитуван претседател од причини што во текот на ноќта е извршен државен удар во моето Министерство за народна одбрана од страна на органите за внатрешни работи,во сите подрачни единици е преземена воената евиденција без да бидам прашан, иако истата вечер се најдував на работното место до 23,оо часот, што можат да го потврдат моите дежурни органи. Потоа се најдов во мојот дом, за да во 24,оо часот бидат исклучени 2-та мои телефони, цивилниот и специјалниот. За мене ова е невиден вандализам на прагот на 21-от век, а зборуваме за плурализам, демократија, го критикувавме монизмот и се она што не чинеше. Изгледа тоа искуство и понатаму е присутно, а се одразува врз мене. Нека секој си јас преиспита својата совест.

Моето спротивставување беше навистина сабајле можеби не на ниво кое јас го заслужувам и не сакав да се јавам кај претседателот оти не бев повикан вчера на тие состаноци кога се држани и кога е донесена одлуката за оваа акција. Јас можев и тогаш да с спротивставам, акцијата се спроведе, ред беше заради мојот авторитет и заради онаа доверба која ми ја дадовте во овој Парламент да бидам јас прашан, а не утринава дури во 8,оо часот, кога отидов јас просто бев изненаден што се случило во моето Министерството односно ваше за народна одбрана.

Претседателот исто така револтиран побара оставка, тоа е негово право, еве, денес веќе расправате. Не барам никаква сентименталност. Другарски, колегијално ви кажувам само во интерес на вистината да го дадете својот последен збор.

Во чија корист одат овие активности, можам да ви кажам најмалку во корист на македонскиот народ и одбраната на македонскиот народ. Одбраната во овој момент е потполно онеспособена. Тоа можам да го кажам како сегашен министер. Го поставувам прашањето пред вас, почитувани пратеници, навистина заклучете на што личи сето ова.

Второ, дозволете ми бидејќи денес ќе ми биде последен настап во ова Собрание да изнесам и некои други пристисоци врз мене, а и за моето работење. Ред е да дадам и отчет пред сите вас.

Со мојот избор и стапување на оваа должност изјавив дека ќе работам во согласност со Уставот, законите, мојата совест, стручна подготвеност, бидејќи станав член на Експертна влада, да работам надпартиски за интересите на македонската држава, а и за интересите нормално на Југославија која засега постои или новиот Сојуз на држави. Тука, најголеми замерки ми се ставаат.

Исто така бев свесен дека ќе се среќавам со многу тешкотии и

проблеми наследени од старото и пренесени во новото време. Знаев дека пред сите
нас е голема историска одговорност која ќе бара прави проценки, па и големи рецензии пред да се одлучиме за некоја активност, но никако неможев да сватам дека крајно перфидно и тенденциозно ќе се манипулира со мојата личност секогаш кога за тоа ќе има и најмали можности. И наместо поединци проблемите да ги бараат во себе, тие ги префрлаат на други.

Ние треба, почитувани пратеници отворено да му кажеме на македонскиот народ каде го водиме. Мислам непотребно поединци го туркаме во состојба на непредвидливи последици кои можат да ескалираат во братоубиствена војна. Опасни се сите милитантни однесувања, а посебно оние зад кои стојат одредени спонзори и одредени политички лицемерија.

Еве, денес се сретнуваме со конкретно прашање, кое за мене е доста нејасно и дискутабилно, бидејќи незнам кои се мотивите и целите и на дел - сега се обраќам и до пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, кои од почетокот на мојот избор бараат да си преиспитам совеста, да поднесам оставка. Размислувам, многу е чиста совеста. Најверојатно да не пречи што дојдов од ЈНА, но јас сум македонец, роден на овој простор и не би требало такви квалификации да ми давате. Секаде, каде што работев во Југославија го сеев семето за Македонија и има доста никулци, и има доста луѓе што ќе зборуваат и преку моите искажувања за овој народ и за оваа Македонија.

Си го поставувам и другото прашаше, што е ова, дали тоа е синдром на самоуништување карактеристичен за македонскиот менаталитет или нешто друго, за кое незнам а можам да нагаѓам.

Во интерес на вистината, пред вас македонската јавност сакам да

истакнам дека континуирано група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент против мене и моето достоинство на повеќе седници бараат оставка. Верувам дека и мојот претседател на Владата е под некое влијание.

На 16-та седница во холот, знаат моите колеги, пратеници од ВМРО, група, вршеа притисок сам да поднесам оставка.

Размислував, мислев немам причина, знаат другарите, еве, можам да именувам. Сега се обраќам на госпоѓата Димитрова во врска со нејзиниот настап и критика на она што јас спроведувам закон, аплаузи кога се почитува закон. Мислам критериумот треба да биде ист спрема сите почитувани пратеници, не е битно од која партија потекнуваме. Ние работиме за македонската држава. Тие партии ќе еволуираат, но државата е она ќе го носат генерации и генерации.

Многу сум да ви кажам против дволичност, меѓутоа, се доживува и тоа. Јас искрено страдам можеби што вистината ја зборувам директно без да давам големи увертири, да ги водам луѓето на некој начин да манипулирам со нив. Така кажувам како што е.

Овде сакам посебно да истакнам за начините со кои се служите вие - повторно се обраќам до група пратеници - во врска со родителите кои ги имав јас 20 разговори, а токму во оваа сала каде што беше претседателот Стојан Андов, потпретседателот Тито Петковски и група родители каде што се вршеше непрекинат
притисок врз тие родители, до одредено кушкање. Групата родители од Битола кои беа примени во другата сала, на таа средба и госпоѓа Ратка Димитрова и имам изјава, една другарка мене ми вика - викајте против министерот, оставка на министерот и тн. Јас морам бидејќи денес се опростувам да ги изнесам овие работи не заради мене, во интерес на вашето понатамошно добро работење и надминување

на такви делби оти тоа не му треба на македонскиот народ и на овој парламент. Нас не има малку, ниту треба кушкање од никоја партија против никого, а се договаравме овде дека ќе бидеме единствени и тн, Не би елаборирал, ова можам да ви го дадам и на вас и во печатот каков бил тој разговор.

Јас исто така претд сите родители на сите разговори бев крајно искрен, не им давав никакви лажни надежи, секогаш кажував кој е патот за тие нивни деца војници да се заштитат. Не се правев семоќен затоа што и тоа не сум. Секогаш зборував кога ќе се создадат услови да се донесе и законска регулатива во доменот на одбраната, но енергично бев против беззаконието и анархијата бидејќи свесен бев каде може да ги однесе тие војници и нас. Можеби вас ви пречи што моите изјави се така отворени и директни, ослободени од секакви лажни ветувања и задкулисни игри, ослободени од секакво политичко лицемерие.

На овие мајки и татковци со солзи и горчина во душата не треба да им се злоупотребуваат емоциите, туку отворено треба да им се каже колку сме сите ние моќни да ги исполниме нивните барања. Тоа денес и претседателот на Република

Македонија го рече за напорите кои тој лично ги прави. Мислам дека и Министерството ги правеше, без оглед што некои може да ги оспорува сега. Ако некој смета дека сум јас пречката што нивните деца не можат да се вратат, многу се лаже, а го лаже и овој народ.

Јас во повеќе наврати во овој Парламент имам зборувано и за одбраната, а посебно за законската регулатива, за одредени милитантни однесувања, за важноста на единството, мирот и слободата со цел одбраната да биде прифатена како патриотска и државна функција но и барано повеќе да се свртиме спрема економијата и стопанството, бидејќи на овој народ му треба повеќе леб отколку оружје и убивање. Јас имав и еден напис во"Македонија" каде што зборував на кого му треба кама и јама, темјан и босилок. Зар ни треба 1941-1945, или 1943 и 19944 кога нашите луѓе беа клани на овој простор и тн. Дајте одбраната да ја препуштите - немојте, јас
денес ќе заминам - на прави стручњаци, а нашите квалитети ние кои сме професионално за друго оспособени да ги употребиме таму каде можеме да дадеме најголем придонес за Република Македонија.

Прашањето за мојата подобност и оданост спрема Македонија, за тоа кој е поголем македонец треба да се мери низ нашето работење и почитување на минатото, сегашноста и визијата за иднината. Исто така, сакам да изјавам дека не ми е ни најмалку битно дали ќе бидам министер за народна одбрана или нешто друго. Можам и чесен работник да бидам, но да си го сочувам својот авторитет. Целиот мој работен век сум го посветил на Република Македонија и Југославија, од Белград преку Мостар, Требиње, Дуборвник, Сплит, Госпиќ, Битола, Штип, до овде во Парламентот и Владата на Република  Македонија. Како сум јас македонец? Го докажувам и со долго-годишното макотрпно истражувачко работење во тешки услови и докторирање на тема "Воените аспекти на македонското национално ослободително движење од 1893 до 1905 година, до Рилскиот конгрес" , кога тој
македонски народ беше разделен на 3 струи. Работејќи да ја докажам историјата на јавноста и во Македонија и надвор од Македонија и на сите соседи дека Македонија има корен, дека Македонија има стебло, дека Македонија има и плодови. Денес, од таа организација која го носи ова име не знам зошто се фрлаат долго време дрва и камења врз мене мојата чест и достоинство.

Исто така, мојата книга "Излезе востаната Македонија" оваа година ја доби Гоцевата награда како највисоко признание за 1991 година. Јас сум горд на тоа

и тоа е уште една  потврда за мојата одданост кон Македонија.

Но јас Македонија ја гледам и во Југославија, тоа го изјавувам и денес и утре, заедно дека во тој сојуз на држави за кои се залага нашиот претседател сигурно ќе не грее подобро и потопло сонце.

На секој можен начин настојувам ширум Југославија да го афирмирам македонскиот народ и можам да ви кажам дека успеав во тоа. Секаде со гордост можев да кажам дека сум Македонец, но ценет и почитуван и како југословен и ако

изгласате да си одам од оваа функција, најповеќе се радувам што останувам морално чист пред македонскиот народ и си одам затоа што сум се залагал за правна држава, за почитување на уставноста и законитоста, а тоа и по моето заминување ќе ви треба, почитувани пратеници, почитувани мои колеги министри. Благодарам и се најубаво.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Непријатно е да се расправаме на ваков начин со ваков стил и јазик. Господинот Ристо Дамјановски ја искажа својата лична карта. Никој нема морално право да фрла сенка на сомнение на неговоите човечки особини, на неговата припадност и граѓанин на оваа Република, тоа никој не го поставувал, ниту тоа некој го оспорува.

Меѓутоа, јас со сожалување констатирам некои искажани зборови и на сметка на Владата и на Парламентот, дека станува збор за некој вандализам, лицемерие, за некакви спонзори, некои кои даваат лажни изјави и кои кројат задкулисни игри, дека некои се беззаконие и анархија, дека некои се залага повеќе за уставност и законитост во неговиот лик, а другите да работат спротивно, некој да заговара "ками и јами", "темјан и бисилок", сето тоа покажува мошне грубо навредување лично и на Владата и на Парламентот, а и на некои партии за кој јас не сакам да давам оценки, но сепак би сакал да одговорам јас како претседател на Владата не потпаѓам под никакво влијание, тој добро го знае. Ми импутира дека сум
го извршил тоа под влијание на ВМРО. Тука се сите мое соработници и таа партија и нема никаква врска со тоа влијание врз мене. За мене е оценката на работата и дистанцирањето на министерот од одлуките на Владата и нејзините ставови. Се разбира, се поставува прашање, цело време речиси во овие изминати месеци дека сум обрнувал влијание дека сепак треба да биде целосно обрнат во работата на Владата. Тој постојано кажуваше е дека обрнат и кон Армијата, Оценките кон Армијата и синтагмата Југославија, уставност и тн. не би сакал тука да ги елаборираме. Најмалку би требало тоа да ни се 'подметнува, затоа што тоа не е прашање за денешна оценка. Меѓутоа, неговите ставови, неговите погледи, неговата анализа, оценка и видување, посебно во последно време а нагласено во работата на ЗПК денес да повлекува одлука на Владата, тоа е повеќе од еден чин на неодговорност или само доброволно дистанцирање од ставовите на Владата. Поинаку не би можело да се оцени. Тој автохтоно се движи, со будност првото негово настојување го слушав, во неколку точки искажано. Сетоа тоа е во колизија со работата на Владата и многу работи кои импутира за некои вандализам, дека се направил некој пуч во неговото Министерство, сетоа тоа е лага, тоа е став и одлука на Владата и на политичкиот врв на Републиката. Тоа не би требало, барем толку треба да имаме слух да разбереме како треба да се однесуваме во вакви моменти, Јас со најголемо внимание зборував да не ја навредувам личноста на министерот, затао што немам морално право неговите лични особини да ги прикажувам како што тој самиот сега се прикажа, колку ќе го сватите и како ќе го оцените тоа е ваша

работа, но не е мое ниту право ниту одговорност. Мое е јас да ги штитам ставовите, погледите и одлуките на Владата. Би сакал да укажам дека непријатно е и во неговиот денешен настап да се искажуваат некои малтене неспособностина народната одбрана, дека таму е расуло досега, дека таму е извршен удар. Јас мислам дека такви маркетиншки настапи не се потребни на овој Парламент.

НИКОЛА КЉУСЕВ:(продолжение)

Тој сам , јас верувам интимно чувствува дека има во себе некоја друга пресија која го блокира, можеби и самиот не можеше да смогне сили да воспостави рамнотежа помегу активноста на Владата и сега да кажам, место тој да импутира јас да му кажам, некои други суфлери кои му вршеле дејствије врз него. Не би сакал понатаму да навлегуваме, а пред Парламентот јас дадов претпладне оценка, еве и сега јас таа ја искажувам, јас мислам дека и самиот Дамјановски е доволно свесен за својот чин и за своите постапки и ми се чини дека далеку би не одвело ако земеме сега да вршиме оценка на се она што тој денес го кажа. Го молам Парламентот да не се впушта во разни оценки затоа што тоа ќе не одведе далеку, затоа што се што кажа можеби го кажа во еден чин на емоција , можеби попуштија и неговата психичка консталација и не треба да се зема се тоа здраво, затоа што зборовите кои што се кажани се повеќе од навредливи.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор, или да ја заклучиме расправата?

Бидејќи никој не бара збор, понатаму, ја заклучувам расправата , претресот, и го давам Предлогот на претседателот на Владата на Република Македонија, членот на Владата министер за народна одбрана д-р Ристо Дамјановски да се разреши од членство на Владата и министер за народната одбрана поради тоа што претседа-телот на Владата како во писмото не известува дека министерот за народна одбрана со своите оценки видувања и настапи се дистанцира од одлуките и ставовите на Владата.

Молам, кој е за Предлогот на претседателот на Владата да крене рака?(пратениците креваат рака).

За Предлогот гласаа 61 пратеник.

Кој е против оваа одлука? (7 пратеника)

Кој се воздржува од гласање? (17 пратеника).

Според тоа Предлогот на претседателот на Владата е усвоен. Токму 61 глас беа и потребни за да биде овој предлог усвоен.

Констатирам дека овој Предлог е усвоен.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Сакав да поставам принципиелно едно прашање, не сакав во рамките на ова што беше со цел да не влијаам на одлуката на Парламентот по однос на конкретниот Предлог што мандаторот на Владата го кажа, меѓутоа, бидејќи со денови ние расправаме и не доаѓаме до онаа група на пратенички прашања, ние овдека како основ критериум врз основа на постоечкиот Устав, Законот за државна управа инт., по Предлогот на мандаторот го имаме дистанцирањето на министер, односно функционер на Владата по одлука на Владата. Имавме исто таков случај и со министерот за образвоание. Па ме интересира, навистина дали во иста постапка, на ист начин ќе се постапи, со оглед на тоа што ние од почетокот, а се надевам дека со новиот Устав навистина ќе воспоставиме еден правилен образец на парламентарна демократија во кој навистина мандаторот во целост ќе му биде потврден составот на Владата ќе има право како што е предвидено и со членовите на новиот устав да врши промена на министрите во согласност со односот кој тој министер, работата итн. Мислам дека тоа е едно клучно прашање , што е во однос на оваа Влада која сакаме да ја претставиме како експертна мораме да го имаме во предвид во принцип ако сакаме да не оставаме траги кои ќе предизвикуваат и одредено сомневање по однос на одлуките кои овој Парламент ги носи, односно по партиската обоеност кој одреден предлог ја добива.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова образложение по гласањето.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Бидејќи ја уфрливме точката за донесување одлука за разрешување на министерот за народна одбрана господинот Ристо Дамјановски во контекстот на расправата по барањата на родителите чии војници се наоѓаат на отслужување на воениот рок во ЈНА, сметам дека токму со денешната седница се отвара комплексот на прашања од народната одбрана и односот помеѓу Република Македонија како држава со ЈНА. Изјавата на господинот Дамјановски сигурно ќе создаде одредени контраверзи во јавноста за некаков државен удар во неговото Министерство, не би сакал многу да коментирам околу тоа, меѓутоа, бидејќи во процедура заедно со барањата на родителите чии деца се наоѓаат на отслужување на воениот рок поднесов еден предлог на заклучоци за целиот комплекс на прашањата поврзани со мобилизацијата, регрутирањето на војниците од Македонија, натамошното служење на воениот рок на нашите војници во единиците во краишта со воени дејствија во Југославија и односот на Републиката со ЈНА , во

кои заклучоци само еден сегмент претставуваат барањата на родителите бидејќи тие исти заклучоци не ги повлеков од процедура а беа уредно доставени, предлагам во интерес на времето и расположението во Парламентот , не сакав ниту да ги читам ниту да отворам расправа по нив глобално, предлагам бидејќи на почетокот на седницата во разговорот и со членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија и со господинот претседател на Републиката разменивме неколку мислења во врска со иститe и предлагам , да донесеме еден работен заклучок по однос на сите овие прашања на воениот комплекс на прашања, одбраната на Републиката да отвориме генерално една расправа на наредна седница со тоа што по заклучоците ќе барам воедно на процедура Владата да даде свое мислење кои ги достави по целиот комплекс на прашања да си заземат свои ставови и Владата и Советот за прашањата за народна одбрана и соодветното надлежно работно тело на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Овде низ образложението има и некои работи за кои би рекол да се задоволиме со онаа сугестија што ја даде претседателот на Владата, сега да не навлегуваме во расправа по тие прашања и ако имаме ние подготвен материјал, а има потреба веројатно и без работен заклучок ние можеме да отвориме расправа. Така да , идеата е добра но не е потребно сега да заклучуваме на која седница туку таа материја врз основа на она што ја задолживме Владата да поднесе информација за остварување на заклучоците на Собранието што се веќе донесувани во таа област е покриена, ако треба да се прошири нешто тогаш во расправата по таа точка.

Предлагам по оваа точка сега ние да ја завршиме расправата и да минеме на првата точка по дневниот ред, Текстот на Нацртот на Уставот на Република Македонија.

Јордан Бошков бара збор, Ве молам по оваа точка или по што? (еден од пратениците прашува зошто кога се јавуваат за збор ги прашува зошто)

Вам не Ви дадов збор, Ве молам да ја напушти салата секој што од место викнува овде, се знае каде е говорницата и ќе може да зборува само оној кој добил збор.

Молам, господине,Бошков во врска со претходната точка?

Ве молам, јас прашав за тоа дали има некој за збор.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Вие не ме видовте.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако не Ве видов тогаш викнете, добро во ред. Значи уште не сме минати на Текстот на Нацрт Уставот.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господа, со оглед на тоа што сепак малку инстантно минавме на ова гласање јас чувствувам една неопходност, баш во интерес на демократијата да кажам и нешто поточно затоа што не можев да се согласам со така брзо изгласуваше на недоверба на министерот. Мислам дека работиве ги водиме како на филмска лента а закажавме седница , според мое гледиште од свечен карактер, имено главната точка беше усвојување на Нацртот на Уставот, но како и да е јас со ситуацијата се сообразувам , ја прифаќам како таква едноставно сакам да
протестирам што мене не ми се даде збор кога го уточнувавме дневниот ред, а сега и после гласањето ете господинот Зоран Крстевски доби збор да изнесе свој опсервации, а за мене е спорно зашто барам збор. Јас сметам дека тоа сепак е мое право кое не морам да го образлагам. Она што го кажа господин Зоран Крстевски и каде што бара консеквентност јас мислам дека таквата дискусија прилега за една пресконференција, а не овде на седница да ги отпочнуваме бесполезни натамошни трактати.

Инаку во едно демократско општество прилега по мое гледиште да имаме министер за народна одбрана кој ќе биде од цивилниот сегмент, а не од воениот. Мислам дека можевме за ова да го измениме, мислам да се назначи друг министер ако веќе одиме на нов, јас би инсистирал на тоа господине Кљусев да дадете предлог за човек кој не е ангажиран во оружените сили. За сега би било толку и уште еднаш би сакал да повторам господине Андов кога барам збор би било пожелно да добивам збор.

СТОЈАН АНДОВ:

Само момент да објаснам. Господинот Бошков не го видов за да му дадам збор, кога го видов му дадов збор, а го прашав заради тоа што претходно ние минавме на точката за Уставот, и дали за тоа дали тој бара збор и нормално е дека треба да знам ако се јавува за тоа требаше да се чуе прво уводно излагање, а не тој прв да зборува, затоа и го прашав, а тоа што тој го коментира излагањето на Зоран Крстевски, прашањето му беше упатено на Кљусев а не мене.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Ако нешто сум се збунил, повелете корегирајте ме. Јас барем сметам дека во овој момент ние сеуште ја разгледуваме онаа дополнително уфрлена точка која се однесуваше на оставката на министерот, а Вие велите дека сме веќе во една нова точка. Ако сме во новата кажете ми да или не.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас Ви реков дека сме веќе во новата точка и затоа Ве прашав зашто барате збор.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Јас ќе Ви честитам што Вие секогаш преминувате на новото штом јас сум барал збор и сум бил дециден.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, не Вие барате збор откако јас ќе преминам на новото. Ве молам сега напуштете ја говорницата, да одиме понатаму, да не ја враќаме понатаму работата, ние минавме , Ве молам Вие така не дозволувате да завршиме со работата. (еден од пратениците бара збор). Еве како Бошков упорен сакате да кажете, ајде повелете само кратко сосема, и кој уште бара збор, да направам список. Собранието се согласи да минеме на Текстот на Нацртот на Уставот, господине Симјановски повелете (пратеникот Симјановски му објаснува на претседателот Андов во што се состои неговото барање).

Сакам да Ви објаснам , вториот дел за кој што тој сака да праша е кој ќе врши должност, тоа не е надлежност на Собранието и затоа не треба овде, само не известува нас да имаме на знаење претседателот на Владата, тоа Владата си одредува . Ве молам, тоа не го гласаме ние, само сме известени, ние ќе избереме член на Владата кој ќе ни биде предложен и затоа господин Симјановски го молам да не мора да земе збор овде дали има забелешка или не.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господин претседателе, почитувани пратеници. Последното излагање на претседателот на Парламентот господин Андов јас не го прифаќам, мислам дека упатно е што пратеникот Симјановски интервенираше во оваа ситуација. Господинот претседател на Владата господин Кљусев во утврдување на точката на дневниот ред изнесе Предлог дека таа функција ќе ја врши потпретседателот на Владата господинот Блаже Ристески.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ: (Продолжение).

Мислам дека веќе кога проблемот на одговорноста на министерот Дамјановски се апсолвира на ваков начин на каков што се апсолвира деака е правилно, не да се постави тоа прашање токму во овој момент затоа што се работи за сегмент од дејноста на Владата што е доста сериозен во овој временски период.

Од тие причини мислам дека треба на овој парламент да се прецизира само времето во кое мандаторот ќе предложи нов министер да не биде тоа во недогледно време. Мислам дека е упатно и овој парламент треба да го определи тој рок и со тој рок да бидеме обврзани сите.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, г-нот Стојановски останува на истото толкување дека Собранието не одредува заменик кој ќе врши должност, туку тоа го одредува Владата. Ние, по ниту еден закон го немаме тоа право. Прво тоа да го разјасниме.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас, ако ме слушавте внимателно, ништо не кажав во однос на тоа кој ќе го заменува само кажав за рокот што треба да се утврдува.

СТОЈАН АНДОВ:

Така, Вие имате дополнителен предлог.

Предлагам, на првата наредна седница, не утре туку кога ќе ја закажеме 22-та седница на Собранието мандаторот да предложи нов член на влада и министер за народна одбрана.

ДРАГИ АРСОВ:

Рок, рок во кој ќе го направиме тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Кога ќе ја закажеме седницата. Само за тоа не можеме да закажуваме седница. На првата наредна, 22 седница.

Дали се прифаќа предлогот? Се прифаќа. Дали може сега да минеме на точката 3? (Може). Минуваме на точката 3. - Нацрт на устав на Република Македонија.

Текстот на нацртот на Уставот на Република Македонија Ви е доставен.

Доставени ви се и мислењето на Владата на Република Македонија како и извештаите на комисиите на Собранието. Исто така, доставен ви е и извештајот на Комисијата за уставни прашања во кој се утврдени измените и дополнувањат на текстот на Нацртот на уставот што се однесуваат на начинот и изборот на претседателот на Републиката, поединечната одговорност на членовите на владата на Републиката, републичките совети и структурата на текстот на нацртот.

Воведно излагање ќе поднесам, во име на Уставната комисија (Прилог - Воведно излагање во врска со текстот на Нацртот на Уставот).

СТОЈАН АНДОВ, претседател
на Собранието на Република
Македонија

ЕМБАРГО ДО ЧИТАЊЕТО

# ИЗЛАГАЊЕ ПО ПОВОД НАЦРТОТ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 22 август 1991 година

Дами и господа, почитувани пратеници,

На денешната седница на Собранието на Република Македонија треба да го утврдиме Нацртот на Уставот на Република Македонија и да донесеме одлука истиот да се стави на јавна диску-ија. Со тоа ќе заврши првата фаза на една од најсложените и од историски аспект најодоговорните задачи на првото повеќепартиско Собрание на Република Македонија.

Решенијата што се предлагаат и што ќе бидат утврдени имаат за цел потврдувајќи го континуитетот на македонската државност да ја прецизираат визијата за Македонија како суверена демократска и европска држава. Затоа за сите нас, за целиот македонски народ и сите граѓани на Македонија ова се свечени и историски мигови.

Конституирајќи се пред неполни осум месеци ова прво македонско повеќепартиско собрание од самиот почеток на својата работа се соочи со бројни и сложени задачи и проблеми, кои произлегуваат како од очекуваните и вообичаени први чекори и неискуство од функционирањето на повеќепартискиот парламентарен живот уште повеќе од наследните и актуелните сложени економски и политички состојби во Републиката и особено во земјата.

Во услови кого во Европа се заокружуваат крупни интегративни процеси и кога таа иста Европа со симпатии гледаше во вкупните општествени трансформации и реформи во економскиот и политичкиот живот на Југославија, спремна во секој поглед, а пред се материјално да ги поддржи, Југославија тргна по патот кој барем засега според развојот на настаните , не нуди некоја светла перспектива.

Република Македонија соочена *со* ваквата општа состојба во земјата која и беше наметната, во целиот овој период настојуваше и успеваше да биде еден од ретките субјекти кои се залагаат со своите конструктивни предлози да бидат фактор за мирната и демократска разврска на југословенската криза.

Едновремено Република Македонија и нејзиното прво повеќепартиско собрание соочени со ваквите тенденции во земјата, со цел да го потврди државно-правниот статус веднаш по своето консти-туирање ја донесе декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија со која ја изрази сувереноста на македонската држава согласно уставните определби за независност и територијален интегритет, како и правата на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување.

Собранието, донесувајќи ги Декларацијата за сувереност и Платформата на Социјалистичка Република Македонија за идното уредување на Југославија јасно ги изрази своите ставови дека Република Македонија самостојно одлучува за идните односи со државите на другите народи на Југославија, во согласност со своите интереси а дека тоа треба да се остварува по мирен и демократски пат.

Тргнувајќи од севкупните промени кои настанаа во економскиот и политичкиот живот на републиката чие натамошно амандмандско преточување претставуваше тесна рамка, со Декларацијата за сувереноста на Социјалистичка Република Македонија беше утврдена и обврската Собранието да донесе нов устав со кој покрај другото ќе се определи општественото уредување и идните симболи на државноста на Македонија.

Имајќи го предвид сето тоа Претседателот на Република Македонија на 6 мај 1991 година согласно одредбите од точката 1, став 1 на Амандманот LXX!X на Уставот на Република Македонија на Собранието му го достави Предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија со донесување нов Устав на Република Македонија.

Собранието,прифаќајќи го Предлогот на Претседателот на Републиката за донесување на новиот устав, едновремено даде целосна поддршка и на насоките и принципите врз кои треба да се обликува новиот устав на Република Македонија меѓу кои посебно значајни се определбите за:

1. Конституитетот на изворната сувреност и државност на Република Македонија како суверена држава на македонскиот народ и на сите граѓани кои живеат во неа.

2. Со новиот Устав да се втемели и изгради демократијата и владеењето на правото чие извориште на демократската власт

е волјата на народот како заедница на слободни и рамноправни луѓе. Основните човекови слободи и права новиот устав на Македонија треба да ги постави во основата на политичкиот систем на парламентарната демократија. Во овој контекст е и определбата да се уважуваат највисоките стандарди на меѓународното право во поглед на уставните гаранции за заштита на колективните права на сите националности , на националните малцинства и етничките групи,

3. Новиот устав,организацијата на државната власт треба да ја постави врз начелото на поделбата на функциите на власта на законодавна, извршна и судска.

4. Во сферата на економскиот систем се потврди нед-восмислената определба за еднакво-правната заштита на сите видови сопственост, слободното делување на економските законитости на пазарот и неговите механизми и соодветните социјални функции на државата својствени на современите демократски држави.

5. Во сферата на комуналниот систем се прифати определбата со новиот Устав да се напушти моделот за општината како општествено-политичка заедница, а се промовира правото на граѓаните на локална самоуправа.

6. Со прифаќањето на Предлогот на Лретседателот на Републиката за донесувањето на новиот устав на седницата на Собранието одржана на 23 мај 1991 година, се создадоа основните предуслови веднаш да се почне со постапката за изготвувањето на текстот на нацртот на Уставот на Република Македонија.

Основен носител на активностите во врска со изготввањето на Надртот на новиот устав, согласно уставните и деловничките одредби, беше Комисијата за уставни прашања на Собранието. За таа цел Комисијата за уставни прашања задолжи експертска група при Владата на Република Македонија да изготви работен текст на Нацртот на Уставот. '

По добивањето на работниот текст на Нацртот на Уставот, пред тој да се пушти во официјална процедура, по заклучок на Комисијата за уставни прашања беше организирана научно-стручна расправа од експертската група во поширок состав во која беа вклучени претставници на Универзитетот, МАНУ и други научни и стручни инситуции и поединци.

Ваквата претходна постапка секако во голема мера придонесе и ја олесни натамошната работа на Комисијата за уставни прашања да ја оформи физиономијата на Нацртот на Уставот по кој расправаа и останатите работни тела на Собранието.

Дами и господа пратеници,

Тргнувајќи од насоките и принципите, содржани во предлогот на Претседателот на Републиката за пристапување кон промена на Уставот со донесување на нов устав на Република Македонија, како и заложбите на пратениците и другите учесници во расправата по овој предлог, направен е обид да се изготви текст на Нацрт на Уставот на Република Македонија кој по повод својата содржина е современ, либерален, граѓански, кус и јасен со максимална опфатеност на современите демократски вредности.

Појдовна премиса на новиот Устав е доминантна позиција на граѓанинот кој во демократското устројство на власта е основен политички субјект и носител на политичката иницијатива и политичкиот плурализам.

СО предложените решенија содржани во текстот на Нацртот на новиот Устав, Република Македонија автентично и оригинално ја уредува својата државност, сувереност и независност, во согласност со волјата на својот народ, истовремено обезбедувајќи континуитет на државноста, зачувување на интегритетот на Македонската држава и демократски политички и економски развој на Републиката.

За таа цел предложен е Текст на Нацрт на комплетно нов Устав заснован врз сувереноста и самостојноста на Македонската држава како модерна демократска заедница, со широки и суверени човечки и граѓански слободи и права, и високи стандарди на воспоставени и заштитени права на националните и етничките малцинства врз плурализмот во конституирањето на политичкиот систем и вршењето на власта и врз плурализмот на сопственоста, слободата на пазарот и претпри-емаштвото.

Во определувањето на карактерот на Македонската држава се тргна од историските придобивки и современите позиции на Репуб-лика Македонија. Во преамбулата на Нацртот на Уставот концизно е изразен државно-правниот континуитет на македонската држава како национална држава на македонскиот народ и држава на сите граѓани што живеат во неа и децидно се вградени целите

што се однесуваат на втемелување и изградување на демократијата и владеењето на правото како единствен систем на власта, гарантирањето на човековите слободи и права, обезбедување мир, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот и обезбедување рамноправност и сожителство.

Согласно предложените решенија во основните одредби на Нацртот на Уставот, македонската држава е дефинирана како суверена, самостојна, демократска и социјална држава, во која сета власт произлегува и му припаѓа на народот и во која граѓаните суверенитетот го остваруваат преку демократски избрани претставници непосредно и по пат на референдум.

Делот што се однесува на основните слободи и права на човекот и граѓанинот прецизно и јасно ги дефинира овие слободи и права и ги категоризира на граѓански и политички слободи и права, економски, социјални и културни права и ја обезбедува нивната уставноправна заштита и на тој начин всушност ги презема решенијата од уставите на современите демократски држави.

Основите на економските односи ги содржи и определува само начелните уставни гаранции за плурализмот на сопственоста, слободата на пазарот и претприемаштвото, заштитата и користењето на природните богатства и гаранциите за странските вложувачи.

Организацијата на државната власт е конципирана врз принципот на поделба на власта на законодавна, иввршна и судска. Тоа се изразува во положбата и надлежноста на Собранието на Република Македонија како највисоко законодавно тело, во положбата на Владата и органите на управата како носители на извршната власт во утврдувањето на политиката на извршувањето и грижата на извршување на законите, како и во јасно нормираната независност и самостојност на судството како гарант .на владеењето на правото и заштитата на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Во рамките на ваквата поделба на власта посебно значење во организацијата на државната власт има и Претседателот на Републиката, кој нема само формални овластувања туку има и учество во делот од извршната власт. Истовремено Претседателот ја претставува Републиката во земјата и странство. Во оваа смисла, особено е значаен начинот на изборот на Претседателот на Републиката преку општи непосредни избори со тајно гласање. Во текстот е дадена алтернатива П.ретседателот да го бира Собранието на Македонија.

Положбата и функциите на Уставниот суд на Македонија зазема значајно место во структурата и организацијата на власта. Тој е нормиран како инстанца за дефинитивно разрешување на постапката за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот и на споровите за судир на надлежностите меѓу различните носители на власта.

Со Нацртот на Уставот се утврдува и гарантира правото на граѓаните на локална самоуправа. При тоа, општините се предвидуваат како единици на локалната самоуправа, во кои граѓаните одлучуваат за потребите и интересите од локално значење. Нацрт-Уставот определува дека локалната самоуправа ќе биде уредена со закон.

Меѓународните односи во Уставот се нагласени од причина на прилагодување кон процесите на интеграција во Европа и интересот на Македонија да ги вклучи сите стандарди на една отворена и либерална држава.

Во таа смисла Уставот содржи одредби што се однесуваат на склучувањето и ратификацијата на меѓународни договори и одредби за стапување во сојуз со други држави или истапување од сојуз со други држави, како и одредби за стапување или за истапување на Република Македонија од членство во меѓународни организации.

Одбраната на Републиката е нормирана во функција на заштита на надворешните граници на Републиката, нејзиниот територијален интегритет, независност и сувереност. Одбраната на Републиката ќе биде уредена со посебен закон. Во овој дел посебно е значајна одредбата која децидно определува дека никој не може да признае окупација на Републиката или на нејзин дел.

Исто така се значајни одредбите со кои се нормираат прашања што се однесуваат на воената состојба и вонредните околности особено од аспект на овластувањето на одделни институции на власта, при што посебно е потенцирана улогата на Собранието на Република Македонија.

Нацрт Уставот предвидува стандардни решенија што се однесуваат на постапката на измена на Уставот, како и преодни и завршни одредби со кои е определено дека за спроведување на овој устав ќе се донесе Уставен закон.

Дами и господа пратеници,

Откако Собранието на Република Македонија на денешната седница ќе го утврди Нацртот на Уставот на Република Македонија истиот ќе биде ставен на јавна дискусија, која ќе овозможи активно учество на сите граѓани, политички партии, организации и здруженија, во изнаоѓањето на поквалитетни решенија што ќе послужат во изготвувањето на предлогот на новиот Устав.

Благодарам.
Скопје, 22 август 1991 година

Продолжуваме со претресот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-ѓа Стојанова.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Почитувани пратеници, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за земјоделство и шумарство на својата заедничка седница одржана на 19 август, а се со цел за поефикасно одвивање на работата на седницата на Собранието заклучија да му предложат на Собранието да го утврди Нацртот на уставот на Република Македонија без да води материјална расправа. Доколку пратениците имаат забелешки, истите да ги доставаат писмено до Уставната комисија на Собранието на Република Македонија во периодот ја навната расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Напомнувам дека материјална расправа во Собранието секаде во работните тела е водена и овој предлог на комисиите е во ред.

За збор се јави господинот Халили.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Почитувани пратеници предлогот е неодржлив бидејќи тоа е расправано во комисиите. Не значи дека текстот на Нацртот на уставот е прифатлив. Затоа, молиме, како што е ред, како што пишува во Деловникот за работа, да се отвори расправа по текстот.

СТОЈАН АНДОВ:

Расправата е отворена. Може кој сака да учествува. Нема никакви проблеми. Тоа е само еден предлог.

За збор се јави господин Мурати.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Беше кажано дека денеска расправаме за најкомплексно, највитално, највнимателно, најодговорно прашање од кое зависи севкупната организација на животот и односите во Републикава. Од овој документ, највисок, секако произлегуваат сите други решенија понатаму. Токму затоа имаме одговорност и политичка и општествена и граѓанска и национална и со право треба да се задржиме на секое прашање. Не значи дека сите тие прашаша треба денеска на оваа седница да ги расправаме.

Веднаш да кажам дека се наоѓаме во временски теснец, еден вид политички сендвич, детерминиран од нашите актуелни настани што се случуваат секој ден за да го посветиме она внимание што е потребно на овој устав. Инаку овој највисок документ заслужува многу повеќе внимание од сите страни и политички субјекти.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ: (продолжение)

Иако Уставот на Република Македонија кој денеска треба да го усвоиме како Нацрт за јавна дискусија, временски е обусловено, тој сепак не смее да биде само список на практичните задачи, желби и програми на поедини политички партии, субјекти и тн. Во него мора да се содржат теориските принципи на филозофијата на живеењето, пред се и на се на соживеењето, како историска нужност и судбина и објективна вредност.

Формулирањето на таквите задачи и принципи е првенствена и работа и задача на овој Парламент, и не само на Парламентот туку и на сите граѓани на Македонија кои со своето активно учество ќе придонесат во нејзиното дооформување и дефинирање.Сакам да речам Македонија како многу национална држава мора своите интереси како целина на сите сама да ги идентификува, препознава и одредува во корист на сите националности и граѓани. Тоа мора да се прави и во Уставот како основа за градење на заедничката иднина. Во овој највисок правно-политички документ треба да се продлбочува правноста, а не таа да се редуцира, минимизира. Да се создава перспектива, а не хендихеп.

Нацрт Уставот тргнува од тоа дека секој општествен систем е определен пред се од националниот сегмент, карактерот на власта, сувереноста, сопственоиста, односно општествено економските односи, повеќепартизмот во нашето време и демократската визија на иднината. Сите овие елементи детерминираат суштински релации и во уставно правната положта и регулатива и во нашата демократска повеке национална заедница Македонија. Тоа е сопствено дефинирање на уставната позиција и статус.

Моите начелни сугестии во оваа фаза на Нацрт на Уставот се:

Прво, евидентен е фактот дека се залагаме за остварување на сопствени интереси кои во Уставот треба да добиваат универзален карактер. Уставот не треба да биде фактор за конфликти на интереси на одделни политички партии затоа што тие конфликти, присутни во нашата практика го политизираат човекот, како национална индивидуа и како граѓани. Со самото тоа создаваме конфликтни ситуации во меѓунационалните односи, а тоа најмалку е потребно во сегашниот момент. Наспроти тоа целта на демократските процеси е унифицирање на интересите на тој реален човек. Затоа сметам дека Уставот може да биде извор однова и цел и на зближување ако тие поединечни интереси се усогласуваат, а истовремено и причина за разединување односно нестабилни односи ако интересите се игнорираат, правата се редуцираат и понатаму. Општо познато е дека Уставот не е и не може да биде учебник. Оттаму предложениот текст на Нацрт-уставот во поглед на излагањето на некои работи не ги дефинира во основни рамки со мотивација дека ќе се решаваат со закон, што создава разни интерпетации на тие законски норми, па и не почитување на закони, изигрување на такви условни норми итн.што го имаме и во самата наша практика. Во тој правец за некои прашања и проблеми од

националната рамноправност се чувствува потреба од нивна многу поголема конкретизација и децино изнесување. Нацрт-уставот тргнува од сегашната состојба од нашата Република и настојува одредени прашања да ги остави на ниво на сегашнтие решенија, на пример: статусот на албанците, јазикот, дефинирањето на државата, игнорирајќи ги многу понапредните во поранешниот Устав во кој се уште е во сила, од 1974 година.

Второ, настанува потреба во Уставот еден национален колективитет да се изрази демократски и да се афирмира и верификува во национален аспкет, а тоа значи правилно да биде третиран, да тежнее кон повисок статус, а не да се деградира на степен понизок, на националното малцинство. Да добива право мајчинот јазик да биде во службена комуникација. Да развива национална култура, да се образува на мајчин јазик, да има соодветен информативен простор, да ги употребува националните симболи, да има национални институции итн. Ваквата верификација и третман, конкретно на албанците не е измислен ниту волунтаристички наметнат, туку го наметнува сожителството, заедничката борба и судбина, демократијата, положбата во Републиката на албанците , плурализмот на интересите и нивната перспектива и јавно искажаната желба за заедништво и развој на Републиката. Ваквата уставна положба на човекот, конкретно на албанците, истовремено е извор на длабока , културан етничка и национална револуција.

Во овој момент не би се задржал на дефинирањето на Република Македонија, но би рекол дека голема грешка е ако Македонија се дефинира како држава на Македонсккиот народ, а се исклучуваат другите, албанците, турците, ромите кои се во сожителство бидејќи живеат во заедница во Македонија и Македонија е заедничка држава. Нејзини сопственици се сите зошто сите имаат и удел и придонес во нејзината развиеност досегашна и во иднина. И инвестира различен капитал со единствена цел зајакнвување и напредок во Републиката. Ако во Македонија живеат две поголеми групи на народи, а тоа се македонци и албанци и други помали, тоа не значи дека

Македонија ќе се подели меѓу себе, или дел од тоа ќе се припојат кон други земји.

Треба да поведи националното чувство на овие два народи да живеат и уставно рамноправно, затоа што и албанците како државјани на Македонија треба да го почитуваат Уставот, законите на државата како и другите граѓани. Истото се однесува и за употребата на мајчниот јазик рамноправно, службен во сите дистанци во животот . Секое поинакво решение е негирање на демократските права.

Трето, сите граѓани на Македонија не се равноправни зошто не се третираат како такви. Притоа, Уставот првенствено е свртен кон изградба на македонска национална држава, а не и држава на Албанците Турците и други, равноправни,слободни, со сите етнички квалитети.Свесната акција на македонските прогресивни сили, интелигенција и политика секогаш ќе биде погрешна ако се насочува кон негирање на објективните услови на повеќенационалната структура на Македонија. Нејзината задача е првенствено и во највисокиот државноправен докум ент-Уставот да го насочува општествениот развиток и националниот идентитет на сите национални субјекти, поточно и на македонското население за да го ослободува од пречките што му се ставаат на патот на неговата сестрана и равноправна иден-тификација и верификација. Ваквите пречки се заостанати форми на минатото. Според тоа Република Македонија, како заедничка татковина мора да се стреми кон таква своја внатрешна организација во која и Албанците како втор национален колективитет и другите ќе можат доследно само да се реализираат во својата вистинска суштина како равноправни граѓани национални колективитет.

Четврто, во Нацрт Уставот не е толку присутна непоредната борба за полагање на темелите за изградба на демократска заедница. Не се конкретни

напорите за унапредување на односи те меѓу луѓето.Се остава доволно простор внатрешните противречности да не се решаваат во рамките на една плурална политичка конкурентна мисла и политика.

Петто, Уставот треба да се засновува и да тргнува од реалните односи на моќна на плуралната политичка структура и општествени сили од кои суштински зависи дали демократскиот дух ќе биде инструмент за профилирање на разните интереси соеднинети во овој највисок документ со целосно респектирање на реалните потреби и барања. За да биде ова, нужно е за битните прашања постигнување и на општа согласност, без минимизирање на одредени прашања, од национална природа кои се битна димензија на демократските одлучувањеа. Всушност степенот на остварената демократија се гледа токму во остварувањето на правата на националностите во Уставот. Поради тоа сметам дека демократските структури на Македонија ќе ја интерпретираат демократијата како закон за рамноправен напредок и третман. Демократијата не значи да им се отвори врата на ретроградните тенденции што би значело слабеење на плуралната демократска акција и на внатрешните меѓунационални односи, а тоа слабеење би овозможувало нестабилност на односите, непочитување на Уставот, одлуки итн. Од тие причини Нацрт Уставот на Републиката треба да се чува од граѓански карактер, односно национален и да има граѓанско либерален и демократки карактер, Всушност е ова евидентно во самата преамбула на Уставот каде не се спомнува и борбата на албанците во создавањето на македонската држава.

Затоа предлагам соодветна елаборација Македонија да се дефинира и како нивна држава,бидејќи тука со сите свои карактеристики како битен столб на Македонската држава.

Секој наш досегашен Устав беше чекор понатаму во развојот на севкупните односи, општествени и економски, политички, национални, социјални, а со тоа и унапредувањето на меѓунационалната рамноправност. Всушност со овој Устав кој носи релевантни карактерстики што се демократски, граѓански, парламентарни, либерален, напреден и така треба да биде, не ги направиме неопходните промени кои ги наметнува развојот и демократските процеси, многу бргу па и со неговото донесување општестената практика која многу бргу се менува и развива, ќе инплицира промени зошто и тоа што сега се нуди во Уставот има прашања кои претесно се поставуват. Или несоодветно се елаборирани и нормирани, што значи не е респектирана вољата на секој национален колективитет. Свесен сум дека многу луѓе премногу очекуваат од овој Устав, дека тој ќе ги реши отворените прашња, ќе ги отстрани недоразбирањата, деформациите и дефектите во правниот и практичниот живот и нормално е да се очекува такво нешто зошто тоа е во духот на времето, потреба и можност за понатамошно с табилно егзистирање и коегзистенција во заедничкиот простор и време.

Новиот Устав нека биде тој правно-политички документ кој ќе отвара перспектива за сите и на прагот на новото столетие да овозможува зближување на интереси, артикулирање на политички национални потреби без кои не можеме да не препознаваме и да не верифицираме како напредна многунационална заедница врз принципот на сожителството, а кое сожителство треба да биде не само политичка, национална туку и културна и морална економска и историска категорија. Уставот тоа треба да го гарантира. И оваа наша компетентна
и креативна расправа која има функција на увертира во обликувањето и дефинирањето на уставните решенија и јавната расправа што по него треба да расправа, новиот Устав треба да биде ремек дело кое ке произведува натаму односи примерени во човекот.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во однос на водењево на дискусиите по Нацрт уставот го конкретизира Предлогот, да се усвои Нацртот со забелешките во извештајот на Уставнта комисија каде е дадена одредена оцена и конкретни измени на текстот на Нацртот. Со тоа да не се води понатамошна расправа, во смисла да и се остави доволно рок на јавноста да го искористи рокот до конечното усвојување на Уставот и таа непосредно да придонесе, а ние можеме да водиме дискусија, да се усголасуваме во рамки на работни тела, меѓусебе, имаме работно време платено, ако треба и попладне ќе работиме. сите работи и тела почнувајки од Комисијата во која сум јас претседател, имаме огромен број на предлози и измени, тие да ги решаваме во рамките на Собранието, а сега ние сега да престанеме, спрема јавноста да го утврдиме овој текст, со последните забелешки од Уставната комисија каде има извршено преоцена, а ние понатаму во рамктие на Собранието да водиме дискусија, а јавноста да се вклучи во дискусија.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Објективните причини за донесувањето на Новиот устав на Република Македонија се наоѓаат во огромните промени на економскиот и политичкиот систем кои настанаа и се создадоа како неопходни од една страна и поради катастрофалната состојба во стопанскиот систем која се манифестира со тешката стопанска криза изразена преку рецесија, инфлација, загуби, зголемување на невработените и од друга страна прифатениот процес на демократизацијата на политичкиот систем кои се манифестира во плурализмот на политичкото мислење, организацијата и дејствувањето во правец на ширењето и гарантирањето на слободите и правата на граѓаните со силно тежнение кон изградба на демократска и правна држава.

За постигнувањето на овие цели основните постулати беа веќе поставени во уставните амандмани и сега дефакто овој Нацрт на Устав ги инагурира овие основи на новото општествено политичко и економско уредување на Република Македонија.

Исто така, овој Нацрт на устав има и историско значење и покажува дека Република Македонија не е резултат на ничиј компромис ниту е плод на консталациите на политичките односи на Балканот и во Европа, а најмалку ќе претставува тампон држава која треба да ги неутрализира спротивностите на одделни држави на Балканот. Таа со овој Устав ќе стане демократска и правна држава со сите права и должности што имаат останатите држави во светот. Бидејќи овој Нацрт устав ќе оди на јавна расправа сега не е потребно да се прави конкретна критичка анализа на дадените уставни решенија во Нацртот и сметам дека Собранието треба да го утврди Нацртот и да го стави на јавна дискусија.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ: (Продолжение) .

Јас би предложил во членот 44, можеби тука е најдобро местото да се каже дека ние со нашиот устав ќе формираме едно тело кое ќе се грижи, тоа тело можеме да кажеме да биде составено од 5 члена каде што би членувале еден од Академијата на науките, еден од Универзитетот, еден од Комора од двајца од овој Парламент кои секогаш ќе се спротивставува да такви технички и технолошки

достигнувања кои ги има и досега направено и кое човештвото ќе ги направи

дополнително да не се искористат за штетата на човекот. Вие знаете какви големи притисоци имавме да се направи и нуклеарна централа во Македонија, а што тоа ќе значеше ако не се направеше голем отпор во тој поглед. Јас не сакам за тоа да зборувам, бидејќи на сите ни е познато. Според тоа, во еден ваков млад устав мислам дека една ваква работа треба да постои.

Друго прашање за кое што исто така сакам да обрнам внимание, бидејќи овој устав воглавно базира на 25 устави како што тука е речено. Изоставен е Уставот на Холандија, па сигурно затоа тука и овој проблем не е присутен, а не е присутен затоа што во овие 25 устави не се има сретнато Уставната комисија па да го препише тој став. Ние имаме сега еден феномен во кој што сега доаѓаме, а тоа е што ние општествената сопственост во земјоделството полека ќе ја претвораме во приватна сопственост. Ова е историски момент ние тоа прашање да го решиме. Ако ние сега направиме грешка па таа општествена сопственост од земјоделството направиме мали парцели, мали парчиња каде што се цени дека тие меѓи, тие омеѓувања итн. ги смалуваат обработливите површини од 10 до 20%, тоа ќе биде историска грешка. Холандија тоа прашање го има многу мудро решено, го има решено затоа што Холандија освојува нови површини со одземањето на површините од океаните. Меѓутоа ние сега имаме површини кои што се во општествен сектор. Сега јас не би навлегувал во тоа,како тоа Холандија го решила, но мислам дека многу духовито да земјиштето се дава само додека некој може да го обработува, му се пренесува и на првиот син, ако тој се занимава со земјоделие, или на вториот, меѓутоа никако тоа земјиште не може да се дели, или да стане тој сопственик, а покасно тоа земјиште се враќа пак на општеството, се дава на друг кој е заинтересиран итн.

Во овој момент некој ќе рече дека тоа со некој посебен закон ќе се решава, јас не би рекол. Ние со една реченица во овој устав тоа прашање треба да го разрешиме. Исто така овде на едно место, доста размислував што сакал да каже уставотворецот во член 57 сите природни богатства на Република Македонија, растителниот и животинскиот свет како и предметите и објектите од особено културно и историско значење уживаат посебна заштита уредена со закон. Ако веќе се определува уставотворецот не може само да се определи за животинскиот и растителниот свет. Тука исто така спаѓа рудното богатство, водата. Посебно сакам да кажам дека тука спаѓа водата затоа што ние ќе се истепавме минатите години околу таа вода, знаете како беше помеѓу Кичево, Прилеп итн. Тие богатства мораат да бидат национални. Добро е речено доле дека ќе се пропише закон како тие да се користат. Тие можат да се користат во сите форми како јавни претпријатија, како приватни претпријатија, како мешовити јавни и приватни, меѓутоа тие мораат крајно да останат како национални богатства на кои што имаат сите право. Јас тука би додал исто така и воздухот, би додал и зем-јиштето за кое што малку порано зборував. Јас имам уште многу забе-лешки околу уставот меѓутоа јас не би навлегувал во тие детали, тоа се реченици, тоа се зборови и тука има многу нејаснотии. На пример,во член 56 Републиката презема мерки против монополската положба и однесување во стопанството. Ако мисли на однесување во тие монополски организации, тоа е во ред, а ако мисли дека презема мерки против целокупното стопанство, тоа веќе не е во ред, тоа е враќање на периоди од кои што одамна сме се откажале. Во тој правец има многу нелогичности. Јас мислам дека Комисијата ќе ги отстрани, но за овие три работи кои што ги предложив, ја молам Комисијата тоа прашање правно да го разработиме бидејќи јас не сум правник и затоа само ги ставам како идеи, а тие правно да се разработат.

АГИМ ФАЗЛИУ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, прашањето за кое расправаме денеска тоа е текст на Нацртот на Уставот на Република Македонија е од големо историско значење за државноста на Македонија и животот и перспективата на македонскиот народ и припадниците на албанскиот народ во Македонија и другите национални колективитети во Македонија. Овој документ добива во значење посебно што се донесува во едно исклучиво сложено и тешко историско време за југослвоенските народи. Поради ова и одговорноста на нас пратениците и сите политички субјекти во Македонија е многу голема во донесувањето на овој устав. Нацрт-текстот на Уставот се гледа дека доста добро е подготвен бидејќи се стреми да биде модерен, граѓански устав каде граѓанските права во целина се заштитени, устав ослободен од идеоло-гии во целина би требало да се поддржи. Овој устав мора да направи уште еден чекор напред, да го реши примерно статусот на припадниците на албанскиот народ во Македонија од кој статус многу зависи перспективата на демократскиот и мирен развиток на Републикава во целина. Албанците во Македонија со право се многу заинтересирани каков статус ќе имаат самостојна Македонија оти со векови заедно живееле и ја создале оваа заедничка држава во заедничките борби. Јас не сум историчар но еден ден седнав да се одморам во паркот во Ѓорче Петров покрај споменикот на паднатите борци во Народно ослободителната војсна. Во кој споменик во мермерната плоча беа запишани имињата на паднатите борци од околијата на Ѓорче Петров, од каде што сум јас избран пратеник. Од 31 име 14 имиња се имиња на припадници борци албанци, на паднати борци албанци.

Припадниците на албанскиот народ во Македонија се многу заинтересирани за свој живот но само врз рамноправна основа. Не можам да прифатам понизок статус што објективно од досегашна федеративна Југославија и Македонија го има. Посебно нема да го прифатат статусот Национално малцинство, оти таквиот статус ни го имаа ни објективно го има во Македонија. Поимот национално малцинство, е политички поим кој не е дефиниран ни во политичката ни во правната наука. Кој поим во социолошката наука нигде не може да се сретне. Според тоа за мене тој поим тој поим е неприфатлив дека само укажува дека национален колективитет во една држава е ограничен со своите права и е омаловажен. Предлагам во преамбулата на Нацрт-текстот на уставот во 12-тиот ред после зборот "и држава" да се додават и зборовите "на припадниците на албанскиот народ во Македонија" останатиот текст до крајот на реченицата да остане ист. И молам во врска со ова мое барање барам пред да се гласа за Нацрт-текстот на Уставот, да се гласа претходно за ова мое барање. Исто така, статусот на македонскиот јазик како службен јазик во Македонија во местата каде тие живеат и проблемот на школувањето на мајчин јазик во целина треба да со Уставот бидат решени. Статусот на албанците како припадници на албанскиот народ во Македонија е прифатлив и треба во Уставот да најде соодветно место. Во член 40 од Нацрт текстот на Уставот истиот поим се употребува за припадниците на македонскиот народ во соседните земји што е прифатлив. Мислам дека нема никаква причина тој поим да не се употребува и за припадниците на албанскиот народ во Македонија. Сигурно некој ќе рече ова е граѓански устав и националното треба да не наоѓа место. Јас се сложувам, но тоа да биде мерка за сите национални квалитети што во случајот не е. Ако не се прифаќа ова решение, јас како пратеник немам мандат од гласачите што ги претставувам да гласам за таков устав. Овие мои барања сигурен сум и ќе ги

потврди јавната. расправа. А како пратеник нема да сносам никаква одговорност од настаните што можат да следат потоа, ако овие мои барања не се прифатат. Една народна поговорка вели "паметните учат од туѓите грешки". Нека ни бидат пример за учење настаните во Хрватска каде со Уставот не се реши националното прашање доведе до тоа сите ги извалкат рацете со крв, а тек после голем број партии и поединци ја согледаат потребата за дијалог, за решавање на проблемот. Мислам дека ние во Македонија мораме да собереме сили и памет, да напишеме таков устав, кој ќе ни овозможи целосна граѓанска, и национална рамноправност со што ќе градиме мирен и среќен живот за сите.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас не сакав да отвориме материјална расправа, а со другарот Иванов сметам дека кога ќе си седнеме во овие 15 дена или месец за јавната расправа ќе има многу забелешки да ги напишеме, па немаше потреба тука да ги изнесувам. Затоа што некој не се чувствува за малцинство како ги укажа последниот дискутант само би укажал дека ако продолжи политиката популациона кај албанците сметам дека македонците ќе станат малцинство во Македонија. А инаку би сакал да го кажам, не навлегувајќи во материјална расправа го поддржувам предлогот на првиот дискутант госпоѓата Стојановска, предлагам за непредицирање одредени решенија бидејќи сите имаме право во јавната расправа да ги кажеме нашите забелешки, а како пратеници имаме право иако не сме задоволни од вградувањето на нашите забелешки да ги формулираме како амандмани во текстот на предлогот на Уставот кој што ќе ни го достави Уставната комисија. Предлагам на госпоѓата Стојановска да го усвоиме. И само би го поставил следното прашање. Од чиста куртуазија не сакав на почетокот да настапувам односно мојот предлог кој што го имав за дополнување на дневниот ред, па би сакал само да се даде одговор од претседателот на Собранието. Имено, побарав бидејќи со декларацијата за сувереност е кажано во член 3 дека изразувајќи ја сувереноста на Република Македонија, Собранието ќе донесе нов устав со кој покрај другото ќе се определи општественото уредување и идните симболи на државноста на Македонија. Сметам дека е пожелно со прогласувањето на новиот устав кога ќе уследи до крајот на септември да ги промовираме и државните симболи на Република Македонија. Токму заради тоа имав предлог на оваа седница да се формира уште во Предлогот кога се формулираше,во писмена форма го дадов меѓутоа не знам зошто не се прочита. Да се донесе одлука за формирање комисија за државните симболи на Република Македонија и да се именуваат нејзини претседател и членови кои паралелно ќе ја водат заедно со јавната расправа и нивната работа. Да распишат конкурс за идејни решенија да можеме заедно со прогласувањето на Уставот и донесувањето на Уставниот закон за прогласување на Уставниот да можеме на седницата да ги утврдиме и државните симболи.

Бидејќи тоа не се стави, доколку е тоа можно, на утрешната седница 20-та кога ќе ја продолжиме да се уфрли таква точка на дневен ред, Комисијата за избори и именување да го предложи составот на таа комисија за да може паралелно да се одвива работата на оформувањето на државните симболи, а ако не барам да ми се даде одговор од претсе-дателот кога ќе ја имаме таа точка на дневен ред односно бар да ја имаме на првата наредна седница за да рокот во јавната расправа по Нацрт-уставот го усогласиме и со идејните решенија за државните симболи на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Само да објаснам.Овој предлог за државна комисија е и инаку навестен во Уставната комисија и претходно со еден допис од Реформските сили - Либерална партија, а сега го даде господинот Петров. Тој ќе го изнесеме на седница на Уставната комисија, а претходно треба да се обават и доста конфронтации веројатно и ќе консултираме. Мораме да се одлучиме која ќе биде точно задачата на таа државна комисија. Таму се дадени некои насоки, ама тоа ќе ги обавиме една расправа на Уставната комисија, па после ќе дојдеме и на седница. Можеби нема точно да се поклопи ова, меѓутоа е решено тоа со уставен закон да се донесе, така има, сосема е нормално и имаме време за сето тоа. А не би требало за такви работи државна комисија, навистина по кратка постапка и со итна постапка да решаваме, потребни се доста консултации за тоа. Ќе обавиме расправа во Уставната комисија.

ФАИК АБДИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо, почитуван господине Глигоров. Секако за збор не би се јавил ако ги имал во предвид збидувањата на Уставната комисија, од нејзината последна седница, вчера или завчера, кога беше тоа. Да видиме што е п рифатливо, што не е прифатливо па веројатно можеби нема да се јавам, меѓутоа еве дека е така ќе ви одземам едно мало време, Овој Устав кој што го имаме како текст Нацрт на Уставот на Република Македонија во моите 54 години прв пат гледам еден устав од 40-тина страници, инаку сум гледал устави со 400 страници, со многу теоретизирања, со многу објаснувања. Кажувам пред вас овде дека многу е најдено убаво среќно решение за доста работа, овде со преамбулата со 10- 12-тина редови на некој начин многу скромно али се е кажано, се гледа дека е граѓански устав. Даден е елементот на националнот, порано беше националното и класното, сега националното и граѓанското и добро е што тежнееме кон тоа граѓанско општество и гледате еден ден ќе се одлепиме и од било кое национално во Уставот и ќе дојдеме до едно граѓанско општество, каде што на прво место ќе задираат, односно ќе бидат многу важни економските односи и од економското прашање ќе зависи се друго. Но еве денеска имаме ваков нацрт на устав и јас сакам да дадам свој придонес и да им се оддолжам на моите бирачи кои што ме пратија во овој највисок дом на власта. Наиме, имајќи многу што да кажам по одредени ставови овде, сакам нешто околу преамбулата да ре-чам. Мислам дека е добро ова решение што е вака дадено во овие 12 -13 реда. Меѓутоа барам во ова преамбула, после овие зборови на пр. кај што пишува кај што пишува"како суверена Република во Федеративна Југославија;" како и од историското заедништво на македонскиот народ со албанците, турците и припадниците на етничките малцинства итн. за заедничка борба во која Македонија се конституира како национална држава и итн.

ФАИК АБДИ: (Продолжение)

...како заедничка борба во која Македонија се конституира како национална држава и тн., а сега предлагам да биде тоа, на македонскиот народ заедно со албанците, турците, ромите и припадниците на етничките малцинства иод заедничката борба и тн. Зошто сакам ова да го кажам? Зошто ова го предлагам? Ако во досегашниот правно-уставен третман постоеја народи односно народ, народности и етнички групи, а во овој устав гледам дека постои народ, народностите се во националните малцинства, етничките групи во етнички малцинства, би сакал нешто јас да прочитам од она што ние се имаме декларирано. За ромите многу малку се зборувало во ова Собрание. Има што да се каже за оваа пупулација, многу нешто што ниту овде вие незнаете, а и народот незнае. Ете, заради ваше информирање, би

сакал да кажам нешто.

Тргнувајќи од некои факти дека етногенезата на ромите во светот, а со тоа и на ромите од Југославија и Република Македонија е Индија, дека првото масовно движење и селење народите од Индија е забележано уште со повлекувањето и распаѓањето на војските на Александар Македонски, дека по масовното селење на ромите е настанато со нападите на варварските племиња, Аварите, Татарите и хуните, дека секаде каде се движеа ромите во извесен број се населуваа и остануваа, а други продолжуваа да патуваат што претставува слика за

нивната денешна местоположба насекаде низ сите меридијани во светот, дека при нивното селење и напуштање на Индија ја пренесува и својата древна индиска култура, јазикот, обичаите, песната, играта, носијата, разните занаети, верата и слично, дека секаде извршија силно влијание врз културата и древната цивилизација, дека и попримија многу нешта од културата и древнатцивилизација од луѓето со кои доаѓаа во додир. Дека низ сите времиња и меридијани, наоѓајќи се надвор од Индија, беа подложени на најнечовечки малтретирања, понижувања и уништувања, како на пример: "ловот на лисиците", во феудализмот, кога намерно беа ранувани Ромчиња заради миризбата на крвта што би послужило како мамка на дивите ѕверови, врзувањето камења околу вратот и фрлање во море доколку не ја примат христијанската вера во Грција, насилното менување на вероисповеста и промената на нивните имиња од муслимански во христијански во Бугарија, масовните убиства, стрелања и уништувања за време на Втората светска војна, односно логорите и гасните комири на Хитлер, геноцид, дека Ромите од Југославија и Македонија постигнаа толку многу во однос на предвоена Југославија, а несразмерно малку во однос на постигањата на сите други југословенски народи и народности; дека од 1971 година па наваму се осети извесно подобрување на општествено-политичката, социјалната и културната положба; дека се откриени нови видици во, да се рече, културната автономија на Ромите во Македонија и Југославија, коај за кусо време беше повторно стопирана за да добие повторен успорен развој; дека во времето до 1971 до 1989 година се случија доста бавни, но важни промени, а наиме: се одржаа четири ромски светски конгреси, Ромите во Македонија се здобија со одредени специфични права од аспект на уставно-правниот третман како етничка група, со право на колективитет, со право на равој на радиото, телевизијата, културата и тн., застапеноста во Републиката и општините, свое знаме, химна и сл., кои не беа реализирани иако се бараше нивно остварување; дека во 1973 година во градот Чандригар -Индија, е инаугуриран Првиот институт за ромски студии; дека во истиот град се одржаа ромски фестивали и симпозиуми, при што, премиерот на Индија, покојната Индира Ганди, ги призна Ромите за свои, односно Индија за праматица држава на Ромите во светот кои се надвор од Индија; дека во 1986 година во Босна и Херцеговина во Сараево, се одржа Меѓународен симпозиум за јазикот и културата на Ромите, каде е донесено решение за работа на кодификација на граматичката и лексичката норма на ромскиот јазик; дека Ромите од Европа и другите континенти, а со тоа и во Југославија и Македонија, имаат свој жив говорен јазик, граматика, отпочнато учење на ромски јазик (Косово, Јужна Србија и други места), своја народна песна, игра, носија, свадбени и други обичаи, раскази, басни, поезија, театарски претстави и сл.; дека на повеќе наврати Ромите се обраќаа со писмени елаборати до ЦК СКМ, ЦК СКЈ, РК ССРНМ, СК ССРНЈ и до Претседателството на Југославија, како барања за здобивање со статусот народност, при што, само Република Босна и Херцеговина ги прогласи Ромите за народност.

Вие знаете дека нашиот прв Конгрес што се одржа на 7-ми јули донесе Декларација односно Предлог-одлука со која Ромите од Македонија како досегашни припадници на етничка група Роми се прогласуваат за припадници на народност,народност на Роми, а како национален кваливитет Ромска народност,

бидејќи етничката група Роми ги има сите атрибути на народност, јазикот со своите дијалекти, наречје, писмото латиница, ромска граматика, своја поезија и проза, свои песни, приказни, расказни, народни игри, народни носии, свадби и други традиционалности и обичаи, пра-матица држава Индија и што е најважно постои народност.

Прогласувањето на етничката група Роми од народност е дамнешно барање старо повеќе од 35 години, но тогашните ЦК СКМ и ЦК СКЈ, Сојузна конференција, Републичка конференција и тн., како и Претседателсвото на СФРЈ од пред 4 години не се одзваа со никаков одговор на ова прашање кое беше покренато во името на Ромитод светот од страна на д-р Рајко Гуриќ,претседател на Светскиот конгрес на Ромите. Тогашното Претседателство на СФРЈ ова барање преку секретарот на Претседателството го препрати до сите републики. Само БиХ ги прогласи Ромите за народност.

Во овие политичко-плуралистички односи и парламентарна демократија со повеќепартиски идеологии и парламентаризам, нашиот прв конгрес за целосна еманципација на Ромите  од Македонија обавувајќи ја оваа длабоко хумана и света задача е уверена, дека оваа предлог-одлука за прогласот на ромската етничка група во ромска народност, ќе даде далекусежен потстрек на Ромите од Македонија и пошироко, за побрз развој на образованието, воспитувањето, културата низ сите нејзини сегменти, информатиката на ромски јазик, радиото, телевизијата и печатот, толку сакананата и потребна популациона политика на оваа популациона група, побрзо вклучување во економските процеси, побрз напредок во интеграционите процеси во македонското, југословенското и ев-ропското друштво на народите и народностите, односно националните малцинства, што впрочем е и цел на сите држави на патот кон модерно друштво на народите за живеење.

На јавноста и се познати ставовите на нашата Партија, на Партијата на целосна еманципација на Ромите од Македонија по прашањето на новиот устав на Македонија и сите постулати кои што произлегуваат од уставот. Ние тоа јавно на конгресот сме го кажале. Знаејќи дека во Парламентот на Македонија, Уставната комисија усилено работеше на подготвувањето односно,знаејќи ги дискусиите во Уставната комисија за Уставот на Република Македонија неговата преамбула и дефиниција која дефиниција не ја гледам како да не постои и во целост Нацрт-уставот, претседателот на ПЦЕР има неколку констатации. Пред Илинденското востание па и во многу позасилено и поотворено и помасовно од 1941 помеѓу двете светски војни во текот на НОВ, Ромите беа и останаа граѓани од втор или никаков ред, поробени, обесправени, без никакви права. Тие тогаш застанаа на страната на анти-хитлеровската коализација во цела Европа и Балканот, во Македонија е познато нивното масовно учество во разни македонски одреди и чети и бригади. Нивното вклучување во партизанските единици беше незнатно во почетокот на војната, меѓутоа покасно во 1943, па се до конечно ослободување на Југославија учеството на Ромите во недоглед беше доста видливо.Едно интервју со покојниот командант на македонската војска генерал Апостолски воден со м-р Трајко Петровски, технолог, комaндандот се издаде дека познава многу борци Роми, поготово од источниот дел на Македонија кои беа одлични борци, митралесци, храбри луѓе. Впрочем, алманасите и другите документи сведочат за учеството на Ромите во НОВ. Иако денеска се критикува повоениот период, Ромите активно
учествуваа во изградбата на нарушената земја, ударни акции, пругата "Шамац-Сараево", "Брчко-Бановиќи", масовни учества на Автпатот "Братство-Единство" и скоро сите локални ударни акции, младински тн. Учествуваа во акции кои ги организираше фронтот, а тоа значеше голем придонес во се што се стори по ослободувањето, појдувајќи од овие и други работи, ние настапивме на еден конгрес нас етнолозите на Југославија кој се одржа во Дојран, таму една голема група ...

СТОЈАН АНДОВ:

Дали е неопходно господине Абди тоа сето каде во Дојран се состанале и кој се состанал. Дали е на оваа седница неопходно?

Дали е тоа неопходно сето тоа да се каже, Предлогот кажете го. Поарно е тоа, заради ................................

ФАИК АБДИ:

Да господине претседателе, при крај сум. Уште една минута само.

На овој конгрес на етнолозите на Југославија се од доктори и магистри по етнологија, повеќе од половината се, бидејќи на дневен ред беше точка Ромите во Југославија, еден добра дел се изразуваа, народноста на Ромите и друга етничка припадност на Ромите и тн. на крај јасземајќи збор прашав што се Ромите етничка група или народност. Никој не даде никаков одговор. Стана покојниот Апостолски и рече другарот Фаик Абди знае дека ова е преди се политичко прашање.Немајќи друга политика освен ова овде, партиите кој што постојат, повелете и на политички и на било кој друг начин да разговараме и да го решиме прашањето. Значи, предлогот на Ромите од Македонија е во преамбулата на Уставот да бидат третирани заедно како народности, односно како национално малцинство заедно со Албанците, Турците, односно Албанците, Турците и Ромите. Верувам дека и Албанците иако се мноштво народ и она што зборуваше колегата пратеник, а и Турците кој што се од нас многу, ние сме можеби околу 16, 170 илјади и тоа само оние кој што се искажале дека се Роми. Уште 50-60 илјади има што кажуваат дека се нешто друго, не е важно, не е тоа многу битно, да не ги наведам, мислам дека бројната состојба не треба да игра голема улога да игра, при тоа, пратеници и колеги, помогнете и овој народ да оди со побрз темпо на развој, пред се во образованието, воспитувањето, културата и тоа е тоа.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас би сакал да укажам на дискутантите што е суштината на расправата по Нацртот. Ние сега фактички не навлегуваме овде во текот. Искажаните мислења ќе бидат после земени во обзир во Комисијата за уставни прашања како и сите други предлози и мислења кои ќе се дадат во јавната расправа. Затоа, сега не треба да даваме формулации, туку да се искажат само мислења. Сега за збор се јави господинот Шабан Превала. Многу е подобро ако можеме денес да го утврдиме текстот, така што да бидеме пократки во искажувањата и да се приберат пратениците во салата за да можеме да ја завршиме работата.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано претседателство, почитувани колеги, гости. Јас всушнсот смислата на денешната расправа ја сватив така што од прилика да се ислушаме денес и евентуално да скренеме внимание на она што значи битно и би требало да се опфати во конечната верзија на овој висок правен акт. Зашто, досега преку телата на Собранието водена е така да кажам една расправа и секој од нас имаше можност

со конкретни текстови да настапи и да укаже на она што значи збогатување на содржината на нацртот на уставот. Меѓутоа, очигледно до оваа фаза од страна на Уставната комисија излгледа дека толку можело да се опфати од оние наши предлози и забелешки, сугестии, па затоа денес ни се нуди да утврдиме нацрт на устав во оној текст во кој е предложен. Сигурно дека тој текст ние утре од кога ќе почне јавната дискусија па до завршувањето треба да стоиме зад тој текст но ние иако ќе се вклучиме веројатно во јавната расправа, па и може и преку средствата за јавно информирање, меѓутоа, факт е дека ние изгласувајќи го нацртот денес, истовремено ние во начело со висок процент го прифаќаме текстот на тој нацрт на устав. Меѓутоа, сепак со право се даде можност ние денес и покрај
ваквата определба да си го кажеме тоас што го мислиме. Веројатно ќе значи уште еден скромен придонес повеќе, Уставната комисија при повторното разгледување на Нацртот на уставот и при опстојното разгледување на сето тоа што ќе биде предложено и од нас, па и од пошироката јавност, да ни изготви и во конечната верзија текст кој навистина ќе значи она што ние со право очекуваме да биде а тоа значи да добиеме модерен, граѓански и би додал демократски устав, устав прифатлив за секој граѓани на нашата Република. Лично мислам дека она што е и што се нуди како документ во оваа фаза претставува еден сериозен обид од страна на Комисијата за уставни прашања се разбира, со помош на експертната група на нашата Влада, сепак ни се нуди еден документ врз основа на кој можеме *да* расправаме и кој претставува основа за донесување на солиден устав, што би се рекло за ставање на новите темели на нашата заедничак Репуб-лика, би рекол по прв пат самостојна до крај, за што зборува и текстот на самиот устав.

Мислам дека од првиот член па до крајот недвосмислено може да се извлече заклучок дека навистина станува збор за устав на една самостојна и суверена држава, како што ние сакаме да ја правиме нашата заедничка република Македонија. Мислам дека тоа е добро, иако што можеби со оглед на нашата определба доколку референдумот успее, а јас очекувам да успее, можеби имаше потреба да има една алка и една нишка врз основа на која што пак ќе се на-доврзуваме на некој иден сојуз интересен, атрактивен за граѓаните на нашата Република.

Инаку, како што кажа потпретседателот Мурати ние навистина се наоѓаме во еден временски политички седвич. тоа е несомнено мислам состојбите се такви што не тераат ние да се определиме и што побргу да донесеме ваков устав за да си ја довршиме кулата што би рекол претседателот Глигоров, која ја започнале нашите дедовци и прадедовци и слободно да се движиме и пред југословенската и пред пошироката јавност да се претставиме како современа држава. Меѓутоа, би рекол дека токму тој временски и политички седвич треба да претставува основа за еден домаќински договор, зашто уставот на крајот на краиштата претставува еден вид договор мегу граѓаните на една општествено-политичка заедница како да живеат во иднина. Тој е перспективен документ. И ако е така, тогаш јас очекувам и ние како Парламент а и граѓаните на Македонија да придонесат во конечната верзија тој устав навистина да претставува израз на она што значи заедништво, на она што значи сожителство, но вистинско сожителство, не само на зборови. А тоа подразбира целосна рамноправност на сите граѓани на Македонија без оглед на националната припадност. Впрочем, јас мислам дека е прилика да се определиме дали ќе донесеме граѓански устав, устав нас граѓантие на Македонија или пак национално обоен устав. Мислам дека во оваа фаза, додека е во фаза тој нацрт како да се направил еден копромис меѓу она што значи национална определба, национална обоеност и граѓанство. Мислам, на нашите прилики какви што ни се нас специфични овде во Македонија, кој ќе ни одговара да биде устав на граѓаните на Македониај и со тоа да

бидеме до крај модерни и современи. Моите пребирања се такви, сепак, на крајот така да заврши текстот на овој нацрт, односно на конечниот документ на уставот на Република Македонија.

Се разбира, ако е така, тогаш сите граѓани на Македонија без оглед на националната припадност треба да си го најдат својот сегашен и перспективен интерес. Тие во се да бидат рамноправни во образованието, културата, стопанството и тн.,а а да нема мислам разликување, поради тоа што некои припаѓа, еве да се изразам како што меѓународните норми бараат, некои припаѓа на националното малцинство да има помалку права, а некој што е суверен, апсолутно суверен да има целосни права. Јас мислам дека со оглед на фактот што се работи за автохтони народи или делови на народи што живеат во Македонија мисласм и правата треба да бидат оригинални, изворни, зашто не се работи навистина за придојдени, што е случај да кажеме за поголемиот број население во Америка,«особено во Америка. Меѓутоа, кога веќе споманв Америка имам впечаток дека  во неколку члена на уставот како да извираат од уставот на САД или од некоја друга западна земја, па затоа некаде на 2 члена како да се дава повеќе предност на бојата, расата, а некаде при крајот националноста.
Мислам на наши прилики, бидејќи кај нас расата не е толку проблем и бојата, туку проблем се другите карактеристики на населението, па затоа јас се залагав во моите конкретни забелешки и предлози тие одредби на нашиот нацрт-устав треба да бидат сообразени со приликите, спрецификите на нашата Република. Значи, и тоа што се прифаќа од другите...

ШАБАН ПРЕВАЛА:(продолжение)

Тоа што се прифаќа од други земји како искуство мора да се гледа критички, не така механички да се пренесе туку навистина да биде израз на она што е наша реалност, за да навистина на крајот на краиштата Уставот биде устав на рамноправност, што секако ќе претставува истовремено нередуцирање на некои права што веќе живееле или се уште живеат туку нивно продлабочување, развивање и заштита на таквите права, Уставот да биде таков што ќе ги заштити тие права.

Би додал ако веќе донесуваме устав во кој ќе се регулира и прашањето на националните и државните симболи, можеби треба да најде место и да се реши прашањето на националните симболи на другите народи што живеат во Македонија. И тоа е едно цивилизациско прашање, еднаш за секогаш да го симнеме од дневен ред и да го решиме.

(реагирање од страна на пратеникот Владимир Голубовски)

Тоа се само мои размислувања колега Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:(од место)

Немојте да ги кажувате на говорница.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Конечно, завршувајќи , само уште неколку напомени околу она што значи економски дел на уставот.

Во уставот станува збор за сопственоста и таму има една алтернатива. Јас би рекол дека ние мораме да бидеме широки во основните определби за сопственоста, да ги негуваме сите видови сопственост, почнувајќи од општествената, државната, приватната, па дури и мешовитата сопственост, а како ќе се одвиваат работите со текот на времето, со текот на нашата трансформација, тоа ќе биде работа на оценка, работа на квантификација, меѓутоа, уставот да не биде граница, да не претставува лимит.

Јас мислам дека со оглед на фактот дека ние и натаму како Република ке мораме посебен третман дапосветиме на недоволно развиените краишта, па и на ридско-планинските подрачја, јас мислам дека ние во уставот мораме децидно таа категорија на Фондот да ја задржиме, Фонд за поттикнување на побрзиот развој на недоволно развиените краишта во Македонија , како и на ридско-планинските подрачја. Само на таков начин ние ќе ги намалиме разликите што за жал сеуште постојат меѓу одделните подрачја во Македонија, па би рекол дури и да се инаугурира можност, да се создадат можности и неразвиените подрачја во компактно развиените подрачја да најдат можност преку таквиот Фонд да се доближат до развиените подрачја.

Консензусот на одлучувањето јас мислам дека мора да најде свое место во уставот и со оглед на карактеристиките на спецификите што ги има нашата Републиката. Јас би бил попрецизен. Се што ќе се расправа и ќе се заземе став во Советот за меѓунационални односи како тело што се предвидува со уставот мислам дека треба да помине на седниците на Собранието со консензус и само на таков начин мислам дека ќе ги надминеме проблемите што не оптоваруваат и сега, а веројатно и во иднина.

Конечно со оглед на тоа што Уставот на Македонија ќе претставува устав на суверена и самостојна Република, а со оглед